„ОДБРАНБЕН ФОРУМ 2023“ | МУЛТИНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО НАТО | ВОЕНА ПРОФЕСИЈА | ГЕРМАНСКИ ТЕНК „LEOPARD 1“

# ШТИТ

Број 163
мај 2023

ISSN 1857-6710

9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




## 3 години НАТО

## БЕЗБЕДНОСТ – СТАБИЛНОСТ – ПРОСПЕРИТЕТ










# Одбележан Денот на Пр

Најголемата единица во армискиот состав – Првата пешадиска бригада (1.пбр) од состав на Командата за операции, со воена свеченост во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, го одбележа 2 Април – Денот на единицата. Првата пешадиска бригада е главна борбена сила на Армијата на Република Северна Македонија која обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка на цивилното население при природни катастрофи, епидемии и други непогоди, а надвор од територијата на Републиката со декларираните единици учествува во операции за поддршка на мирот, со што ги исполнува меѓународните воени обврски. На свеченоста по повод Денот на Првата пешадиска бригада присуствуваа заменикот на НГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во МО, Владимир Анчев, посебниот советник за безбедност од Кабинетот на претседателот, Блерим Кољали, генерали од Армијата, поранешни команданти на единицата, воени раководители од ГШ и МО, претставници на локалната самоуправа и организациите со кои соработува единицата.

Командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини, во своето обраќање рече дека денес кога се соочуваме со суштинско одржување на глобалната безбедност како сенка на континуираната миграциска криза, мора да се почитува сувереноста и територијалниот интегритет на секоја самостојна држава, а секоја друга опција е за осуда и во спротивност со меѓународните правила и прописи. „Затоа во овие бурни и предизвикувачки времиња единството и солидарноста во НАТО се клучни и оттука наш клучен приоритет мора да ни биде одржувањето на нашата борбена готовност, како дел од најголемиот сојуз во светот да придонесуваме за зачувување на мирот и безбедноста во светот“, нагласи тој. Генералот Емини, кој е и поранешен командант на Бригадата, честитајќи им го









# вата пешадиска бригада

Денот на единицата на сите припадници, им порача посветено, професионално и ефикасно да продолжат со понатамошна изградба на единицата во цврст колектив што ќе може да се соочи со сите предизвици кои ги носи новото време. Командантот на 1.пбр, бригаден генерал Сашко Лафчиски, во својот говор пред присутните истакна дека во годината кога одбележуваме 31 година од формирањето на Армијата и три години од полноправното членство во НАТО алијансата, со гордост констатираме дека Првата пешадиска бригада продолжува да биде круцијална борбена сила и ударна тупаница на Армијата, секогаш подготвена да застане на браникот на татковината во одбрана на националните интереси, територијалниот интегритет и суверенитет. „Бригадата која е примарниот капацитет кога станува збор за исполнување на обврските произлезени од членството во НАТО, минатата година за време на вежбата „Блесок 22“, со успех го заврши НАТО оценувањето на борбената готовност на Лесниот пешадиски баталјон, со што и формално ја исполнивме првата НАТО цел на способност. Веднаш потоа започнавме и продолжуваме со градење на потребните капацитети и способности за Лесната пешадиска баталјонска група, која е наша следна обврска и наш наголем приоритет“, истакна Лафчиски. По свечените обраќања, следуваше прогласување на најдобра единица од составот на Бригадата, доделување на стимулативни мерки, признанија и награди, свечено дефиле на единиците и тактичко-технички збор на вооружувањето и опремата со кои располага бригадата. Покрај доделените признанија и стимулативни мерки на припадници од единиците за постигнатите резултати, се доделија и признанија за најдобрите натпреварувачи на натпреварите во воени вештини, односно пешадиски игри кои се реализираат за првпат во бригадата, додека за најдобра единица од составот на Бригадата беше прогласена единицата за АБХО.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Блажеска, полковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16
Глобални безбедносни трендови и закани во Евроатлантската област



24
Четврта и петта генерација на мировни операции

# содржина

ШТИТ | година XV | број 163 | мај 2023

Инфо
**„Одбранбен форум 2023“** ........ 8

НАТО активности
**Мултинационална соработка во НАТО** ........ 12

Мисии
**Под знамето на ОН**
**Климатска безбедност** ........ 14

Воена едукација
**Воена професија** ........ 18

Глобал
**Транзициска правда: Случај Аргентина** ........ 21

Иновации
**НАТО стратешка насока за иновациски забрзувач за 2023 година** ........ 27

Цивилно-воена соработка
**Претставниците на СЕЕБРИГ повторно донираа за Куманово** ........ 29

Вооружување
**Германски тенк „Leopard 1“** ........ 32

**„AJBAN 440A“ – заштитено патролно возило на тркала 4x4 - OAE** ........ 36

**Противбродска ракета „Харпун“** ........ 42

Незадолжително
**Карго панталони**
**Модерна класика со војничко потекло** ........ 44

Аеродневник
**Заборавениот радар** ........ 48

Глобал
**Промени во кариерата: Како да ја смените работата што не ја сакате** ........ 52

Уметниците и војната
**Освалдо Гуајасамин Панамериканскиот Микеланџело** ........ 54



34
Авион „Lockheed Martin F-35 Lightning II“



50
Американскиот музеј на наследството

ПИШУВА:

**д-р Жанет**
**РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *Академски дијалози*

*Во секој број на нашето списание објавуваме прилози поврзани со НАТО алијансата, пишуваме за историјатот, за активностите, за новите стратегии и доктрини, како и за нашите активности во рамките на најголемиот воено-политички сојуз во светот. Во текот на изминатиот месец се одвиваа повеќе значајни настани поврзани со одбележувањето на нашето тригодишно членство во НАТО и 74-годишнината од формирањето на Алијансата. Во овој контекст, секако најзначно е одржувањето на првиот „Одбранбен форум 23“, кој беше во организација на Министерството за одбрана и на којшто свои излагања и видеообраќања имаа голем број високи претставници од НАТО и од нашите одбранбено-безбедносни институции, како и еминентни претставници од академската фела, за што пишуваме во овој број. Она што сакам да го потенцирам кон овој број на „Штит“ е дека оваа година за прв пат по повод Денот на НАТО и нашето зачленување во Алијансата министерката за одбрана одвои време да се сретне директно со студентите на неколку реномирани државни универзитети и непосредно, преку академски дијалог со младите, да ги промовира придобивките за нашата држава од членството во НАТО, да ги запознае студентите со активностите на Армијата и Министерството за одбрана, да одговори на многубројните прашања и да ги поттикне младите академски граѓани да ја гледаат својата перспектива во личен професионален придонес за развој и просперитет на својата татковина.*

*Првиот академски дијалог се реализираше на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на тема „Влијанието на геополитичките случувања, новата безбедносна парадигма и стратешкиот концепт на НАТО 2030 – можности и предизвици“. Во своето излагање министерката Петровска истакна дека клучна придобивка од нашето зачленување во НАТО е засилената безбедност која ја имаме како дел од колективниот систем на одбрана на НАТО алијансата и дека секогаш ќе можеме да се потпреме на помош од сојузниците, а како најважно е што тие сега откако сме земја членка ни помагаат да ги зајакнеме сопствените капацитети за одбрана. „Градејќи ја одбраната ние ја градиме сегашноста, но уште поважно вложуваме и инвестираме во иднината на државата“, истакна министерката Петровска. Со студентите, министерката Петровска разговараше и за модернизацијата на Армијата, војната во Украина, и одговараше на прашањата поврзани со новата европска безбедносна архитектура. На средбата со студентите од Државниот универзитет во Тетово министерката за одбрана со студентите дискутираше за Новиот стратегиски концепт на НАТО, за војната во Украина и за новите видови безбедносни предизвици, особено за дезинформациите, при што заклучокот беше дека наша задача како институции и граѓани е да бидеме гласни, да бидеме транспарентни, да отвораме дијалог со граѓанскиот сектор и со академската заедница и на тој начин да се справиме со дезинформациите.*

*Ја поздравуваме оваа практика на министекатата за одбрана и се надеваме дека ќе продолжи и во иднина. Правилното информирање, отворениот дијалог и транспарентноста на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија се најдобрите алатки за подигање на свеста на младата популација за личен ангажман во развојот и напредок на нашата држава.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Северна Македонија е докажан НАТО сојузник

Делегација од Романија, предводена од министерот за национална одбрана Ангел Тилвар, оствари еднодневна официјална посета на Република Северна Македонија. Делегацијата беше пречекана со високи државни и воени почести во Министерството за одбрана од страна на министерката за одбрана Славјанка Петровска. На билатералната средба помеѓу двете делегации беше истакнато дека ваквите состаноци се многу важни особено заради безбедносна состојба во Европа на кои се споделуваат идеи и се дискутира за идните чекори. Министерката Петровска истакна дека романската надворешна политика е многу одговорна и посветена на мирот и соработката и упати благодарност за континуираната поддршка на нашата земја на патот кон ЕУ. Информирајќи за модернизацијата на Армијата и реформите во одбраната, министерката Петровска рече дека Северна Македонија ќе продолжи да придонесува со своето активно



учество во промовирањето на мирот и безбедноста и како НАТО сојузник, особено во зајакнување на источната граница на Алијансата. „НАТО мисијата eVA во Романија и Бугарија, не се само политички одлуки, за нас е многу важно со вистински операции да покажеме дека сме дел од НАТО“, потенцираше Петровска. Во тој контекст, романскиот министер Тилвар изрази благодарност за придонесот на Северна Македонија во НАТО мисијата eVA: „Вашата поддршка во eVA не е само политичка одлука, туку ја покажува вашата посветеност за одбрана на слободниот свет. НАТО донесе правилна одлука со членството на Северна Македонија во Алијансата, затоа што се докажавте како добри пријатели.“ Тој додаде дека токму во овие кризни времиња ЕУ не треба да ја остави интеграцијата на Западен Балкан на страна и ја нагласи важноста на регионот на Црното Море и за мирот во Западен Балкан и во Европа. „Докажавте во НАТО дека сте доверлив пријател, вие сте контрибутор на безбедноста и стабилноста на Западен Балкан, ќе бидете доверлив пријател и на ЕУ“, потенцираше министерот Тилвар. Двајцата министри потврдија дека веќе потпишаниот План за билатерална одбранбена соработка кој содржи 17 заеднички активности е показател за одличната соработка. Во рамки на посетата, министерот Тилвар оствари средба со врховниот командант, претседателот Стево Пендаровски и го посети Центарот за обука на пилоти во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец.

# Развој на капацитети за справување со дезинформациите

Министерката за одбрана Славјанка Петровска оствари средба со специјалниот пратеник и координатор на Центарот за глобален ангажман на американскиот Стејт Департмент, Џејмс Рубин, со кого разговараше за штетното влијание на дезинформациите, особено имајќи ја предвид безбедносната состојба во регионот и руската агресија врз Украина, како и за начините како Министерството за одбрана ги развива своите капацитети за справување со дезинформации. „Хибридните закани, вклучувајќи ги и дезинформациите имаат за цел да ја намалат нашата општествена отпорност и да предизвикаат внатрешни поделби и недоверба на граѓаните во институциите и нивната ефикасност. Затоа, мораме да имаме здружен пристап кој ги обединува напорите на сите чинители во општеството во соочувањето со овој предизвик” рече министерката на средбата. Петровска порача дека јасно видливо е зголеменото ниво на дезинформации поврзани со поддршката која Северна Македонија ја дава за одбрана на Украина, исто како што тоа беше евидентно и во однос на полноправното членство во НАТО. Во однос на институционалните капацитети на МО, министерката истакна дека одбраната работи континуирано и систематски во развојот на способностите за справување со дезинформации и дека има видлив прогрес во организацијата на системот. „Министерството е лидер во однос на активната транспарентност зашто на тој начин медиумите преку пристапот до сите информации самостојно можат да ја осознаат и пренесат вистината. Ние сме свесни за штетноста на дезинформациите и затоа ми е задоволство што со заеднички сили ќе најдеме решенија за овој сериозен предизвик“, подвлече министерката на средбата со Рубин. Специјалниот пратеник Џејмс Рубин ги поздрави напорите на Северна Македонија за развој на капацитети за справување со дезинформации и изрази подготвеност Центарот за глобален ангажман на американскиот Стејт Департмент да ја поддржи нашата земја со техничка експертиза и искуства. Додаде дека информациската и дигитална револуција треба да биде во функција на ширењето на демократијата и вистината, а не да се злоупотребува за поткопување на демократијата и глобалната безбедност. На средбата стана збор и за развојот на Регионалниот центар за односи со јавноста кој е НАТО-партнерски центар, а е во фаза на добивање на институционална акредитација од страна на Алијансата и ќе функционира како НАТО-школа за односи со јавноста.



# Евроинтеграцијата на Западен Балкан е безбедносно прашање со највисок приоритет

Австриската министерка за одбрана, Клаудија Танер оствари официјална работна посета на Северна Македонија. Посетата започна со церемонија со највисоки државни и воени почести во Министерството за одбрана, по што следуваше средба помеѓу двете министерки, како и разговори помеѓу делегациите од Северна Македонија и Австрија. Министерката Петровска и нејзината австриска колешка, Клаудија Танер, на прес-конференцијата во МО упатија пораки дека евроинтеграцијата на Западниот Балкан е безбедносно прашање од највисок приоритет. „Денеска на сите ни е јасно дека европската интеграција е и безбедносно прашање од највисок приоритет. На регионот му е потребна надеж и сигнал дека не е заборавен и дека сè уште претставува приоритет за ЕУ и тоа го гледаме и во вашата посета, особено имајќи предвид дека Австрија е наш близок партнер и поддржувач во достигнувањето на оваа цел. Да не дозволиме да се создаде вакуум во кој европските вредности ќе бидат заменети со други агенди кои во последно време се особено видливи преку хибридните закани, дезинформациите и лажните вести, како и сајбер-нападите“, потенцираше Петровска и додаде дека ваквите напади не се воопшто наивни, туку имаат една повисока цел, а тоа е да се блокираат преговорите со ЕУ, да се подрие довербата во ЕУ, во НАТО и во демократските институции. Министерката Танер во однос на интеграцијата на регионот во ЕУ, истакна дека за Австрија и понатаму главен приоритет во безбедносната и одбранбената политика останува проширувањето на ЕУ со земјите од Западен Балкан и дека од австриска страна е посакувано да продолжат и да се реализираат пристапните преговори и тоа преку конкретни чекори кои ќе значат голем напредок. Стабилноста и безбедноста на земјите од Западен Балкан е нешто што треба да се постигне и тоа не е нешто што е цел само за тие земји, туку и вистинска цел и за нас. „Не треба да заборавиме на една околност. Војната во Украина сè уште не е завршена. Проширувањето на војната во насока на Европа, од гледна точка на нашите експерти не е исклучена можност. Затоа е уште повеќе битно, превентивно да се делува за да се зголеми стабилноста таму



каде што е нужно“, рече Танер. Во однос на билатералната одбранбена соработка, министерките Петровска и Танер истакнаа дека таа е на исклучително високо ниво и дека постои интерес и посветеност од двете страни оваа соработка да продолжи да се развива. Петровска порача дека Северна Македонија како членка на Алијансата, но и држава која го започна пристапниот процес кон ЕУ, изразува поддршка и има амбиција да се вклучи во одбранбените иницијативи на ЕУ, кои се комплементарни со улогата на НАТО. „Силно веруваме дека вклучувањето во проектите и одбранбените иницијативи на ЕУ, ќе бидат од заемна корист, ќе се зајакне безбедноста и стабилноста во регионот, а со тоа и во Европа“ истакна Петровска.

# Посета на командантот на НАТО корпусот за брзо распоредување

Командантот на НАТО корпусот за брзо распоредување во Италија, генерал-потполковник Лоренцо ди Адарио, престојуваше во работна посета на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија. Генералот Ди Адарио, по пречекот, оствари средба со министерката за одбрана Славјанка Петровска и со началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, по што следуваа официјални разговори во присуство на делегацијата од НАТО корпусот и персонал од ГШ на Армијата. Министерката Петровска на средбата порача дека со приклучувањето на Северна Македонија кон Меморандумот за разбирање, чиј потписник се земјите-контрибутори во Силите за брзо распоредување, нашата земја уште еднаш покажа дека е активен учесник во зацврстувањето на сигурноста на НАТО и сите земји членки. Генералот Ди Адарио се заблагодари за улогата која Северна Македонија ја има во зацврстувањето на безбедноста на регионот и на Алијансата и додаде дека постоењето на Сили за брза реакција е уште еден исчекор кон безбедно и сигурно НАТО и дека во овие сили знамето на Северна Македонија е веќе рамноправно со знамињата на останатите 19 членки кои партиципираат и очекува до почетокот на летото да биде упатен првиот штабен офицер на Армијата на Република Северна Македонија во Штабот на корпусот, а ќе биде разгледана и можноста за реализација на вежбовни активности на полигонот „Криволак“. По средбата со министерката Петровска, генералот Ди Адарио се сретна со НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. Генералот Ѓурчиновски за време на состанокот истакна дека ќе се подобруваат и развиваат способностите поврзани со учеството на НАТО силите за зајакнато истурено присуство каде е вклучен и овој корпус. Генералот Ди Адарио во текот на дискусијата искажа дека понатамошните заеднички активности уште повеќе ќе придонесат во развојот на нашите способности, обученоста и интероперабилноста при ангажирање во операциите на НАТО. За време на посетата, делегацијата на НАТО корпусот за брзо распоредување го посеи Баталјонот на воена полиција во касарната „Илинден“, каде се запознаа со капацитетите и способностите на оваа единица при што присуствуваа на воено-показна вежба, а генералот Ди Адарио оствари средба и со командантот на Командата за операции, бригаден генерал, Бесник Емини.






# „Одбранбен форум 2023“

Во рамки на активностите за одбележување на третата годишнина од членството на Република Северна Македонија во НАТО, на 7 април, во Скопје, се одржа „Одбранбен форум 2023“, прв од ваков вид во организација на Мнистерството за одбрана на Република Северна Македонија

„Одбранбениот форум 2023“ беше отворен со видеообраќање на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, министерката за одбрана, Славјанка Петровска и амбасадорката на Соединетите Американски Држави во Северна Македонија, Анџела Агелер. Свои обраќања имаа и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини. На Одбранбениот форум имаше над 250 присутни, а на панелите свои излагања имаа експерти од безбедносната сфера од Северна Македонија, СР Германија, Белгија, Словачка, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и од други земји. Министерката Петровска во своето обраќање посочи дека овој Форум, како круна на одбележувањето на годишнината од членството во Алијансата и Денот на НАТО, има за цел да го интензивира дијалогот со сите општествени чинители зашто развојот на одбраната побарува мултисекторски пристап. „Она кон што целиме е целосна симбиоза помеѓу одбраната и Армијата, од една страна, и академскиот и невладиниот сектор, од друга зашто ние сме меѓузависни и речиси секојдневно мораме да соработуваме, да се координираме и заеднички да наоѓаме решенија на сите предизвици“, потенцираше министерката. Таа истакна дека МО е посветено на реформата и зајакнување на нашиот одбранбен систем, вклучувајќи ја сржта на она што се нарекува одбрана – нашата цивилна структура, кризниот менаџмент, заштитата на критичната инфраструктура, зајакнување на демократската и цивилна контрола над секторот за воено разузнавање и други. Во однос на новите безбедносни предзивици и ставот на Северна Македонија, Петровска посочи дека нашата земја недвосмислено стои зад вредностите на НАТО и современиот свет и дека тоа беше покажано со јасно изразениот став на осуда на нападот над суверенитетот и интегритетот на Украина и нејзиното право на слобода, со брзата но темелно обмислена реакција на нивните барања за помош да се одбранат од овој напад, со нашето внимание тоа во никој случај да не влијае на борбената способност

на Армијата. Министерката Петровска истакна дека важна дискусија е и онаа за улогата на цивилното општество и градењето на отпорност, како начин за справување со хибридните закани, вклучувајќи ги и дезинформациите, капацитет, за кој рече дека е во фаза на интензивен развој во МО. „Министерството предводи во развојот на овие капацитети. Развиваме систем за справување со дезинформации кој, меѓу другото, се темели и на соработката со цивилниот сектор кој е агилен и брзо прилагодлив – два елементи кои се исклучително важни за ефикасно справување со оваа негативна појава која има огромен деструктивен потенцијал. Дезинформациите и сајбер-нападите целат директно во суштината на општвото – во демократските процеси, довербата на граѓаните во институциите и демократски избраните влади, во функционалноста на системот“, рече министерката. Во однос на придобивките од членството во НАТО, Петровска порача дека нашата земја е кредибилен сојузник со рамноправен придонес во Алијансата составена од 31 демократска земја со исти вредности. „Ние сме составен дел од НАТО и од нас како и од сите останати земји членки зависи колку НАТО ќе одговори на својата задача да биде заштитник на заедничките цивилизациски вредности, слободата, правдата и демократијата“, истакна Петровска.
Американската амбасадорка Агелер на отворањето на Форумотр истакна дека улогата на Алијансата во гарантирањето на евроатлантската безбедност никогаш не била поголема и дека секој граѓанин на Северна Македонија треба да биде многу горд на придонесот кон унапредувањето на регионалната и глобалната стабилност. „Со речиси 200 трупи во мисии на НАТО, ЕУ и ООН вие ја демострирате вашата посветеност на нашите заеднички вредности и САД се горди да бидат заедно со вас во многу операции. НАТО секогаш бил сила за стабилност и безбедност која докажа својата способност за брз одговор на кризи“, рече амбасадорката Агелер. Генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, во своето видеообраќање пред присутните истакна дека Северна Македонија активно придонесува кон колективната безбедност, има место и рамноправен глас на масата на НАТО и ја ужива целосната заштита на Алијансата. „Денес, Северна Македонија има место на масата на НАТО, рамноправен глас во нашите дискусии и ја ужива целосната заштита на НАТО Алијансата. Неодамна, Северна Македонија се соочи со намерни и континуирани хибридни напади, вклучувајќи закани со бомби и сајбер-напади. Но, вие не бевте сами. Експерти на НАТО отидоа во Скопје за да споделат информации и да обезбедат техничка поддршка. Ова е конкретен пример за придобивките од НАТО. Членството, исто така, помага да ѝ се даде на Северна Македонија Стабилност, што е основа на економскиот раст и помага да се шири безбедноста во Западен Балкан. Северна Македонија, исто така, ја зголемува безбедноста на нашата Алијанса, придонесувајќи со војници во нашите борбени групи во Бугарија, Латвија и Романија и ги поддржува нашите мисии во Косово и Ирак. Ние сме семејство на демократии посветени да се бранат едни со други. Сите за еден и еден за сите“, рече генералниот секретар на НАТО, Столтенберг во своето видеообраќање.
Генералот Ѓурчиновски, кој се обрати на панел-дискусијата на тема „Место и улога на Армијата – иден развој и приоритети“, истакна дека денешното постигнато ниво на развој на Армијата, која сега е мала, флексибилна и современа, е постојан процес во однос на стратегијата, модернизацијата, но и во сите други сфери и подеднакво континуирано прилагодување кон новонастанатите ситуации кои влијаат на безбедноста и во кои се вклучени сите структури на одбраната. Говорејќи за динамичните промени во безбедносната сфера, особено предизвикани со војната во Украина, тој истакна дека се прават проценки и анализи во Армијата за потребата од прилагодување на делот од опремување и ресурси, како и обученост на Армијата согласно очекувањата, безбедносната ситуација и промените кои постојано се случуваат. „Лидерството, флексибилноста и подготвеноста за брзо реагирање, согласно новите предизвици, се еден од многуте важни фактори за справување со безбедносните ситуации на кои Армијата придава особено значење“, истакна генералот Ѓурчиновски. Во овој дел од Форумот обраќања имаа и првиот министер за одбрана, Трајан Гоцевски и командантот на Командата за операции, бригаден генерал Бесник Емини кој во своето обраќање ја истакна потребата за развивање, подготвеност и имплементација во однос на побарувањата.

Подготвила:
Кристина Илиевска








# 15 Април – Ден на Командата за обука и доктрини

Со одбележувањето на 15 Април, којшто е определен како ден на Командата за обука и доктрини (КОД), одбележуваме и 31 година од почетокот на формирањето на Армијата на Република Северна Македонија. На 15 април 1992 г. пристигнаа првите регрути во касарните во Скопје, Штип и Битола, кои беа и првите војници во единиците на новоформираната Армија на независната и самостојна македонска држава

На 15 април 1992 г. започна приемот на првите регрути во македонската Армија. Панче Јамандиев од Велес е првиот регрут кој е пријавен во гарнизонот во Охрид, а свечената заклетва на првите регрути беше на 9 мај 1992 г. По завршувањето на обуката, војниците беа упатени да ги пополнат граничните единици, единиците на воената полиција и други единици. Поврзаноста на КОД со 15 Април е во тоа што во 1992 г., во касарната во Велес беше формиран Центарот за индивидуална обука на граничари, кои по завршена тримесечна индивидуална и колективна обука се распоредуваа по караулите. Низ тие премрежја, кога на Балканот беснееја крвави војни, граничарите кои се обучуваа во Центарот за граничари се оспособуваа да ја остваруваат уставната функција на Армијата – да го чува и брани територијалниот интегритет и суверенитет на државата. Од тој ден па сè до денес, КОД ги продолжува традициите и ги чува вредностите на Центарот за обука на граничари. Во својот развоен пат, КОД го следеше развојот на Армијата и се развиваше, трансформираше и прилагодуваше кон потребите на новото време, задржувајќи ја основната функција – обучување и оспособување на припадниците на Армијата.

Од развојниот пат на КОД, ќе споменеме дека во 1996 г. се формирани неколку центри за основна и специјализирана индивидуална обука, додека колективната обука се изведувала во единиците. Формирани се центри за обука на пешадија, артилерија, логистика, граничари, воена полиција и извидница. Со трансформацијата на Армијата, на 19 март 2001, во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје формирана е Командата за обука на АРМ, со три центри за обука: Центар за пешадиска обука (Битола), Центар за граничари (Велес) и Центар за родови и служби (Скопје). Со следните трансформации во 2006 г., КОД ја задржува својата основна функција, но ја менува локацијата од Скопје во Велес. Со трансформацијата на Армијата во 2012 г., покрај индивидуалната обука на КОД ѝ се доделува уште една значајна

функција – изработка на доктрини, правила и упатства, и врз основа на ова, се трансформира во Команда за обука и доктрини и како таква опстојува и функционира успешно до денес. Во сите овие фази на развој КОД претставува нераскинлив синџир од градење на капацитетите на Армијата, во чиј фокус е поединецот и јакнењето на неговата индивидуална обученост и градење на борбен дух преку прифаќање и негување на армиските вредности.
Оваа година, во рамките на одбележувањето на 15 Април – Денот на КОД, беа организирани и низа други активности, како Спортски ден и Отворен ден за граѓаните од градот Велес, со цел да можат да видат со што сѐ располага нашата единица, а воедно и да се привлече вниманието на младата популација и да се поттикнат за пријавување да станат дел од Армијата. Беа организирани натпревари во шах и пинг-понг, како и натпревари во стрелаштво и во мал фудбал. Освен припадниците на КОД, на спортските натпревари учествуваа и екипи од локалната самоуправа на градот Велес, Секторот за внатрешни работи, Велес, Територијална противпожарна единица од Велес и други екипи. По повод Денот на единицата беа донирани пакети со храна за лица и семејства кои живеат во социјален ризик. На 12.04.2023 г., во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ во Велес, се реализираше Отворен ден за учениците од средните училишта и за таа цел беше изложен дел од опремата и вооружувањето во Армијата, а исто така беа презентирани и дел од активностите на Центарот за обука и дресура на кучиња.
Централната свеченост се одржа во касарната во Велес, а на свеченоста свое обраќање имаа НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и командантот на КОД, полковник Васко Коколански. Генералот Ѓурчиновски, честитајќи им го денот на припадниците на КОД, во своето обраќање истакна дека ова е еден од особено значајните датуми во историјата не само за КОД туку и за Армијата, бидејќи на овој ден се одбележува 31 г. од пополнувањето на касарните и армиските состави и почнување со обуката, со што официјално Армијата почна да функционира. Притоа, тој истакна дека постигнувањата на оваа команда, но и на Армијата, се резултат на вложениот труд на многу генерации. Нашата обврска останува, согласно можностите, да обезбедиме подобри услови за извршување на задачите на следните генерации, кои треба да бидат двигатели на понатамошниот прогрес.
Пред стројот се обрати и командантот на КОД, полковник Васко Коколански, кој истакна дека денес нашата Армија како земја членка на НАТО ги има преземено обврските да развива високообучени, опремени и функционални единици и



капацитети, потребни за справување со современите предизвици и закани. За да се постигне тоа во овој историски момент од развојот на нашата Армија и процесот на имплементација на НАТО стратегиите, концептите и стандардите, потребен е континуиран процес на трансформација и прилагодување на предизвиците и побарувањата на новото време. Тој потенцираше дека „моќ да изврши трансформација има само знаењето, обученоста и високите морални вредности“. Затоа, КОД, која во основата на својата мисија ја има обуката на поединецот, е еден од најважните сегменти од целокупната Армија. За да се постигне високо ниво на оспособени капацитети, потребни се прописи, стандарди, инфраструктурни капацитети за поддршка на обуката и пред сѐ, висококвалитетен и мотивиран инструкторски кадар, со еден збор сето она што се наоѓа во КОД. КОД во изминатиот период теоретски и практично обучуваше 500 нови професионални војници, 300 новопроизведени подофицери, а низ програмите за обука беа опфатени и голем број офицери, особено во изучување на англискиот јазик. Со развојот и модернизацијата на Центарот за симулации и останатите капацитети на КОД се понудува солидна основа за јакнење не само на армиските капацитети туку и на интероперабилноста на партнерските и капацитетите на останатите институции во државата. Воедно, КОД активно учествуваше и во поддршка на обуката при изведување на сите поголеми национални и меѓународни воени вежби.
За време на свеченоста се доделија благодарници и пофалници за припадниците на КОД, како и благодарници за надворешните соработници и дипломи за екипите победници на натпреварите. Свеченост беше збогатена со литературно читање на поемата која беше избрана за најдобра творба на конкурсот на тема „Да се биде војник“, која беше организирана од ООУ „Блаже Конески“ од Велес, а првото место го освои ученикот Б.Љутков од истото училиште. На крај присутните гости имаа можност да ги погледнат ликовните творби кои беа изработени од страна на учениците од ООУ „Васил Главинов Велес“, каде што првото место го освои ученичката М.Несторова, IX одделение, од истото училиште.

Цветанка Велковска






# Мултинационална соработка во НАТО

За успешно извршување на мисиите и задачите на НАТО, сојузниците имаат потреба да инвестираат во интероперабилна и најсовремена опрема и обука. За таа цел, организацијата игра важна улога во помагање на земјите да одлучат како и каде да инвестираат во нивната одбрана, односно им асистира на сојузниците и на земјите партнери да ги идентификуваат можностите за соработка во мултинационални иницијативи и програми.

Целта на мултинационалната соработка е да се намалат трошоците и истовремено да се подобрат оперативните вредности преку зголемено заедништво на опрема, обука, доктрини и процедури. Истовремено, Алијансата соработува со Европската Унија за да се избегне дуплирање на способностите. Во таа насока, НАТО ги поддржува сојузниците во процесот на идентификување и развој на мултинационални кооперативни проекти за да се обезбедат клучните одбранбени способности потребни за безбедноста на Алијансата.
Сојузниците постојано истражуваат нови мултинационални иницијативи за да ги развијат на најекономичен начин клучните способности што ѝ се потребни на Алијансата, со цел да се соочи со денешните безбедносни предизвици. Во иста насока како и иницијативата за „Паметна одбрана“ што ја започна тогашниот генерален секретар на НАТО Anders Fogh Rasmussen во 2012 година, мултинационалната соработка за способности ѝ помага на Алијансата да ги развие, да стекне и да ги одржува способностите на рентабилен и ефикасен начин.
Ваквите иницијативи создаваат политички обврски во форма на договори потпишани од министрите за одбрана. Почетниот документ, кој се нарекува „Писмо за намери“ се потпишува од министрите за одбрана вклучени во проектот, а во него се наведува општата идеја за соработка. Потоа следи потпишување на Меморандум за разбирање, правно обврзувачки документ во кој се прецизираат деталите за соработката. Меморандумите за соработка ја обезбедуваат потребната правна рамка за извршување на фазата на имплементација кон реализација на конкретната способност.

**Проекти од витално значење**
Во сегашни услови во тек се 18 проекти кои ќе обезбедат подобрена оперативна ефикасност, ќе ги зајакнат економиите и ќе дојде до подобро поврзување помеѓу сојузниците и партнерите на НАТО.
Дел од овие проекти се однесуваат на клучните области како што се: полнење гориво (воздух-воздух), обука, поморски беспилотни системи, командување и контрола, муниција и други.

***Командување и контрола***

Командувањето и контролата се состојат од лидерство и јасни директиви дадени на воената организација во остварување на својата мисија. Овој сегмент е клучен за успешно извршување на секоја операција на НАТО.

– На мултинационално ниво такви се Силите за специјални операции со мултинационален штаб за нивното управување. Сојузниците на НАТО – Белгија, Данска и Холандија се согласија да создадат тринационална команда која ќе учествува во силите за одговор на НАТО, односно за поддршка на мултинационалните мисии и операции на НАТО.

– Четири сојузници на НАТО – Хрватска, Унгарија, Словачка и Словенија, како и НАТО партнерот Австрија се согласија да формираат Регионален распоредлив штаб за управување со специјалните операции. Со постигната иницијална оперативна способност во мај 2021 година, овие регионални сили за специјални операции на НАТО ќе обезбедат јасни придобивки во однос на брзината и еластичноста за одговор на кризите што се појавуваат.

– Осум сојузници на НАТО – Данска, Франција, Унгарија, Италија, Португалија, Шпанија, Обединетото Кралство и САД, учествуваат во командна и контролна способност за воздушна и ракетна одбрана (проект SBAMD C2). Иницијативата има цел да го олесни стекнувањето и спроведувањето на решението за управување со противвоздушната одбрана, а ќе го намали и бројот на системи кои моментално се користат од сојузниците на НАТО.



***Структури за обука***

Сите сојузнички сили, без разлика дали се на копно, во воздух или на море, имаат потреба од напредна обука за да се соочат со различните безбедносни предизвици во извршување на своите должности. Мултинационалната обука им овозможува на силите на различни сојузници да се обучуваат заедно, да ја подобрат координацијата и соработката и да ја зголемат нивната подготвеност.

– Во оваа насока е воспоставена Мултинационалната специјална програма за воздухопловство. Силите за специјални операции се многу вредна алатка за ефикасно реагирање на заканите кои се развиваат од аспект на заштита на безбедноста. За понатамошно зајакнување на НАТО во овој домен, четворица сојузници – Бугарија, Хрватска, Унгарија и Словенија, одлучија да ја создадат Мултинационална специјална програма за воздухопловство, посветена исклучиво за обука на воздушни екипажи кои ќе спроведуваат инфилтрирање и извлекување на силите за специјални операции.

– Потребата за обука на пилоти прогресивно се зголемува во целиот свет. Воздухопловната компонента, заедно со останатите компоненти на одбраната, е клучна за заштита на темелите на националниот интегритет и суверенитет. Спроведување на квалитетна и безбедна обука на воените пилоти претставува сложен предизвик за секоја земја. Обезбедувањето на најсовремена обука за пилоти е сè поскап и предизвикувачки потфат. За многу европски сојузници, потребните национални барања за пилоти секоја година се премногу мали за да го оправдаат формирањето или одржувањето на националните центри за обука на пилоти. За да се надмине овој предизвик, НАТО иницијативата за летачка обука во Европа има цел да создаде мрежа на мултинационални капацитети за обука за пилоти на борбени авиони, хеликоптери и беспилотни летала низ Европа, користејќи ги веќе постоечките структури до максимален можен степен. На маргините на Самитот на НАТО во 2021 година во Брисел, 10 сојузници – Северна Македонија, Белгија, Чешка, Грција, Унгарија, Италија, Црна Гора, Романија, Шпанија и Турција – потпишаа Меморандум за разбирање за оваа иницијатива која се развива беспрекорно и во позитивна насока со забрзано темпо.

Драган Павловски





# Под знамето на ОН Климатска безбедност

Климатските промени денес во светот влијаат на намалување на животниот век на луѓето, ги дестабилизираат животните услови во руралните средини, ја зголемуваат потребата на општествата од нови природни ресурси, а во исто време ги намалуваат истите, предизвикуваат миграциски движења и раселување на луѓето, влијаат на социјалниот живот. Климатските промени негативно влијаат и на користењето на средствата за живот, на човечката мобилност и ги принудуваат луѓето на справување со таквите ситуации на нелегални начини. Влијаат и на појавата на конкуренција и конфликти околу природните ресурси како што се земјиштето и водата, и придонесуваат за екстремен раст на цените на храната и несигурност во производството на истата.

Климатските промени станаа и еден од факторите кои директно и индиректно влијаат на појавата на конфликти и војни, како и на напорите за превенција на истите. Советот за безбедност на ОН (СБ) веќе ги има дефинирано

> Климатските промени станаа еден од факторите кои директно и индиректно влијаат на појавата на конфликти и војни, како и на напорите за превенција на истите

негативните влијанија од таква природа и ги има приложено во содржините на резолуциите за мировните операции на ОН и специјалните политички мисии (MINUSMA, MONUSCO, MINUSCA, UNMISS, UNFICYP, UNAMA, UNAMI, UNITAMS и др.).

Од друга страна, сè уште е недоволно истражена оваа област и потребата од подобрување на подготвеноста на мировните контингенти за дејствување во такви услови, е евидентна. Се вложува напор за подобрување на анализите на сите нивоа и планирање активности за спречување и одговор на ризиците кои произлегуваат од влијанието на климата врз мирот и безбедноста воопшто. Ризиците од климатското влијание врз безбедноста на мировните операции веќе се интегрирани во политичките анализи, системот за рано предупредување, превентивните стратегии и посредувањето во рамките на UNMISS во Јужен Судан, UNOWAS во Западна Африка и UNOCA во Централна Африка. Командата на мисијата UNSOM во Сомалија веќе ги има интегрирано заклучоците за климатските влијанија врз мисијата, во нивните програмски активности. Многу други команди на мировни мисии се обидуваат барем да ги ублажат безбедносните ризици поврзани со климатските промени кои би можеле да влијаат на спроведувањето на нивните мандати.

**Зајакнување на сопствените капацитети**

И покрај преземените активности, потребни се дополнителни напори за зајакнување на капацитетите со кои располагаат мировниците на терен, наменети за подобро пручување на поврзаноста помеѓу климатските промени и мирот и безбедноста во земјата домаќин, со

цел развој на ефективни стратегии за прилагодување кон новите услови. За реализација на оваа цел, потребно е прибирање на повеќе податоци за природата на промени во одредена област предизвикани од климатските промени, како и вклучување различни методологии за проучување на влијанијата. Тоа подразбира и неопходна специјална обука на персоналот распореден во мисиите, но спроведувањето мерки од областа на климатската безбедност би требало да биде дел од спроведувањето на мандатите на мисиите, а не дополнителна или самостојна задача на „сините шлемови“.



Иако во резолуциите на СБ сè повеќе се вметнуваат и одредби поврзани со климатската и безбедноста на животната средина, постојат и недоволно јасно дефинирани активности, ограничувајќи ги мировните сили во идентификувањето и справувањето со безбедносните ризици поврзани со климатските промени. Според тоа, клучно е прашањето: „како да се анализираат безбедносните ризици поврзани со климатските промени и како да се дојде до решенија за решавање на тие предизвици?“ Идентификувањето на поврзаноста помеѓу климата, мирот и безбедноста на одредена област е доста сложен процес, па се смета дека е неопходен мултидисциплинарен пристап во анализата. Од друга страна пак, тој пристап дополнително го усложнува, и така сложениот аналитичкиот процес и претставува дополнителен товар на процесот на донесување одлуки на мировните контингенти и имплементацијата на мандантот.
И покрај тоа, останува заклучокот дека, за поквалитетна анализа на климатските и еколошките безбедносни ризици во рамките на мисијата и дефинирање одредени заклучоци, неопходно е проширување на капацитетите на мировните контингенти, но и надворешна експертиза. Искуството од други меѓународни и регионални организации може квалитетно да биде искористено и вклучено во соодветните анализи на терен. Пример за ова се научените лекции од успешното вклучување на родовите аспекти во имплементација на мандатите. Климатските и еколошките фактори задолжително треба да бидат вметнати во анализата на ризиците на операциите.
Конкретен пример за преземање мерки во рамките на мултидисциплинарен пристап во анализата на заканите во мисиите се: воспоставувањето на Механизам за климатска безбедност на ОН (CSM4), распоредувањето на првиот советник за климатска безбедност во мисијата UNSOM во Сомалија, и активирањето на процесот на воведување систем со советници за животна средина во различни мировни операции. Примерот на мировните мисии во Сомалија ја нагласува важноста на ваквиот пристап.
Главни задачи на советникот за климатска безбедност на UNSOM се да ги вклучи еколошките пристапи, да ги идентификува и да управува со климатските ризици кои можат негативно да влијаат на спроведувањето на мандатот на мисијата. Оценето е дека неговото дејствување е сè уште во многу рана фаза, но со поддршка од страна на невладините организации, е сè поважно во поврзувањето на хуманитарниот и развојниот пристап околу управувањето со водите и во подобрувањето на подготвеноста на општеството за поплави и суша, а со тоа и поголема отпорност кон климатските влијанија, раселувањето и конфликтите. Тој успешно се справува со годишниот циклус на поплави и суша во сливот на реката Џуба-Шабел во Сомалија, во соработка со локалните заедници, хуманитарните и развојните агенции ангажирани таму, со целосна поддршка на ранливите категории на луѓе во областа. Успешно ги координира активностите на хуманитарните организации, кои обезбедуваат вреќи со песок, развојните агенции кои ги зајакнуваат речните корита и природните брани, и други меѓународни организации (UNDP и Меѓународната организација за миграција), насочени кон изнаоѓање сеопфатно решение на проблемот со поплавите и заштита на населението. Уште еден успешен пример е и инклузивниот пристап на мисијата UNSOM во областа Матабан во Сомалија, каде локалните заедници последните 10 години биле во конфликт. Основна причина за конфликтот била конкуренцијата во искористување на пасиштата и пристапот до вода. Во разрешувањето на конфликтот биле земени предвид и ставовите на локалните жители, особено жените и младата популација, и користени во меѓусебниот дијалог и воспоставување мир меѓу двете спротиставени заедници.



М.С.



# Глобални безбедносни трендови и закани во Евроатлантската област

Државите сè повеќе се соочуваат со комплементарни, конвенционални и неконвенционални закани по глобалниот мир и безбедност. Ако некој до вчера мислеше дека конвенционален конфликт во Европа не е можен, денес мора да размислува поинаку. Современите закани се во симбиоза со глобалните безбедносни трендови кои во значителна мера влијаат врз отпорноста и ја насочуваат безбедноста на државите

Тероризмот, хибридното војување, сајбер-заканите, климатските промени, развојните и технологиите за двојна употреба, недостатокот на енергенси, заканите од Русија, компетитивниот предизвик од Кина, како и енергетските и економски предизвици на ЕУ, надградени со ЕУ геостратешко партнесрство, актуелната закана од сè почестата периодична пандемиска присутност, натпреварот во контрола на вселената како потенцијална сфера на војување, отворањето на поморските рути на далечниот север се само дел од трендовите, предизвиците и заканите со кои се соочуваат државите во евроатлантската област. Заедничка карактеристика на современите безбедносни трендови, предизвици и закани е нивната променливост и забрзана евулуирачка природа. Справувањето со посочените трендови и закани бара суштински промени во поимањето на безбедноста преку редефинирање на концептите за безбедност и реорганизација на глобалната безбедносна архитектура. Државите најчесто се соочуваат со невидлив противник кој истовремено е и нивен сојузник, но и непријател. Хибридното војување и сајбер-заканите се специфика на војување во алтернативниот простор, при што „битките“ се водат во сајбер-порсторот, преку дезинформации во медиумите, дезинтегритет и злоупотреба на интернетот преку малигни операции на социјалните мрежи. Овие судири сè повеќе наликуваат на борба на наративи во виртуелниот простор отколку на битки во реално време на бојното поле. Мноштвото на информации, односно дезинформации кои се пласираат ја замајуваат јавноста, никој веќе не знае каде е и што е вистината.  Предизвикот од ваквото војување влијае врз безбедноста на државите изразени преку импликации во нивната одбрана, мултиплицирање на нестабилноста која води до појава на нови ранливости и кризи. Вештачката интелегенција, развојните и  технологиите за двојна употреба истовремено претставуваат

нова можност, но и ризик и заедно се клучен елемент за одржување на воената и технолошката предност на државите. Контролата на вселената сè повеќе добива на значење како за безбедноста, така и за економијата, енергенсите и просперитетот на државите со далекусежни последици кои може да имат деструктивно влијание слично како и конвенционалната војна. Поради тоа, државите во спрега со приватниот сектор се принудени да креираат соодветни политички алатки и механизми за заедничко и здружено справување со истите. Следствено, секоја меѓународна организација и институција гради свој концепт, своја стратегија за справување. НАТО својата визија за справување со ваквите глобални безбедносни трендови, предизвици и закани во следната декада и потоа, ја најави преку Извештајот на групата за рефлексија „НАТО 2030:Обединети за новата ера" (NATO 2030: United for a New Era, 2020). Во овој документ дадени се насоки како да се адаптира Алијансата во однос на новите глобални безбедносни трендови, предизвици и закани. Практичната операционализација на механизмите за справување со истите се очекува да се официјализират со новиот стратегиски концепт на Алијансата кој се усвои кон средината на 2022 година. ЕУ од своја страна разви стратешки компас. Само ООН се чини е отпорна на промените. Како и да е, ефикасноста и ефективноста од новите концепти и стратегиите за справување со современите предизвици останува да се провери во практиката.
Бројни се предизвиците и заканите по безбедноста на државите, кои по својата природа се асиметрични, а по својата манифестација тешко препознатливи. Заканите стануваат зачестени, комплексни, деструктивни и присилни. Во интерес на подобар фокус на модерните трендови, предизвици и закани во овој труд ќе се задржиме само на хибридните и сајбер закните, вијанието и трендовите од климатските промени и предизвиците иманентни за енергетско-економските импликации. За соодветно справување со истите, неопходно е да се направи длабинска анализа и процена на сите какрактерни особености на конкретност и непредвидливост на безбедносна ситуација. Еден од чекорите е да се промени поимањето на концептите за безбедност и за меѓународната безбедносна средина, која е многу покомплексна и понепредвидлива од било кога порано. Притоа треба да се има предвид дека „главна карактеристика на актуелната безбедносна средина е реактивирањето на геополитичкиот натпревар" меѓу Истокот и Западот.



Листата на заканите и предизвиците е подолга отколку во минатото. Едната закана не ги исклучува другите поради нивната меѓусебна поврзаност. Зголемените сајбер и хибридни закани, новите развојни и разорни технологии, пандемиите, климатските промени, тероризмот, масовните миграции, ширењето на оружјето за масовно уништување, заканите по енергетската сигурност, како и предизвиците за животната средина се само дел од нив. Широката лепеза на закани ги принуди државите и сојузите, секој на свој начин да гради своја развојна стратегија на делување. Генерално, посочените закани се пресложени за секоја земја поединечно да се справува со нив поради што неопходен е колективен одговор за борба против истите изразена преку јакнење на политичкиот дијалог и соработката меѓу државите. Во контекст на претходното, соработката на Северна Македонија е тесно поврзана со земјите членки на НАТО и земјите партнери. Заедничкиот одговорот во справувањето со трендовите, предизвиците и заканите е поврзан „со јакнење на отпорноста за одвраќање и одбрана, како и во поддршка на меѓународните напори за проектирање на стабилноста и јакнење на безбедноста вон границите на Алијансата". Од исклучителна важност е ефектите на одвраќање и одбрана постојано да се надградуваат и искористуваат. Од 24 февруари 2022 година, сведоци сме на најголемата безбедносна криза на тлото на Европа од крајот на Студената војна. И најголемите скептици, кои веруваа дека војната на тлото на Европа во 21 век е незамисливо се докажа дека грешат. Русија ни докажа дека мирот не е гарантиран и дека поредокот заснован на правила може да биде предизвикан. Треба да се има предвид дека и покрај тоа што на располагање се бројни механизми и алатки, како и отворени канали на комуникација, дијалог и дипломатија, сè уште во доволна мерка не може да се превенираат едностраните одлуки за насилство и уништување.

д-р Игор Ѓорески





# Воена професија

Воспоставувањето на воената професија во рамки вооружените сили се појавува како потреба за поставување и одржување на воена дисциплина, воена обука и воено образование. Со професионализацијата на вооружените сили се гради и јадрото на обучени воени единици и образуван воен команден кадар. Со овој процес на професионализација придобивки имаат и вооружените сили и нацијата која ги создава

Низ историјата, па и во сегашноста, се појавуваат извесни попречувања во функционирањето на вооружените сили во рамки на цивилното општеството на нацијата. Во такви ситуации, останува обврска на припадниците на вооружените сили или воените професионалци да одржуваат високо ниво на професионалност и воена етичност.  Во голем дел од цивилните општества на денешницава, па и во нашето, за воените професионалци преовладуваат пофалните гледишта бидејќи од нив се бара да поседуваат високи стандарди за законитост, морал и етика и тие тоа го исполнуваат. Етичноста на воените професионалци тешко може да се дефинира, но врз неа влијаат националните правни документи и непишаните правила на општеството и културата, кои се подложни на постојани промени. Еден од најпознатите теоретичари на војната и воената професија, од поново време, британскиот генерал сер Џон Хакет, ја дава можеби најдобрата процена за настанокот на воената професија. Хакет тврди дека воената професија, изградена врз основа на принципите на национална држава и со уредување на воената служба, се појавува на почетокот на 19 век, во Прусија. Тогашниот крал на Прусија, Фредерик Вилиам Трети, преку воениот генијалец во редовите на пруската војска Герхард фон Шарнхорст, а како последица од тешките порази што пруската војска ги доживува од Наполеоновата војска во битките кај Јена и Ауерштадт, започнува целосна реформа и професионализација на пруската војска. Познати се тврдењата на Хакет дека функцијата на воената професија е да изврши регулирана примена на сила за решавање на социјални и политички проблеми. Во рамки на поставената функционалност на воената професија, цивилното општество очекува од воените професионалци да ги извршат секогаш тешките, обично опасни и крвави активности на начин прифатлив за цивилите и е во поддршка на одредените цели на органите на државната власт. И Клаузевиц своето теоретизирање го црпи од практиката на неговиот ментор Шарнхорст. Теоријата на Клаузевиц дека војната има постојана природа, но постојано променлив карактер, својата двојност ја отсликува и врз воената професија. Воената професија е професија која постојано се менува во согласност во развојот на цивилното општество и технологиите, но сепак



основната функционалност останува непроменета. Познавањата на промените на општествата, геополитичките односи и технологиите помага во обезбедување на современост и идна поставеност на воената професија со користење на постојано воено образование и воена обука. Клаузевиц ги опишува двете карактеристики кои воените професионалци треба да ги поседуваат: (1) интелект кој постојано стреми кон пронаоѓање на вистината и (2) храброст која овозможува следење на интелектот по зацртаниот пат. Обединувањето на овие карактеристики му овозможува на воениот професионалец да развие зголемени способности за соочување со неочекувани појави.
Самуел Хантингтон, исто така, го препознава пристапот на Шарнхорст, во улога на началник на можеби првиот функционален Генералштаб, во реформата и професионализацијата на пруската војска како почетокот на воената професија. Воведувањето на воениот професија во Прусија е препознаено преку основање на Воената академија во Берлин, во 1810 г. и со воведување на услови за промовирање во чин генерал, испити за унапредување, систем за напредување во кариерата по заслуга, ефикасен штабен персонал и чувство на заедништво и одговорност. Овие реформи ја дефинирале воената професија во Прусија и овозможиле понатамошен развој на командантите и нивните штабови, што овозможило успех на боиштата.  Хантингтон ги поставува главните елементи на воената професија. Ова дефинирање на воената професија овозможува дефиницијата да може да се смени и приспособи кон националните потреби, стратегијата и воената култура на секоја нација. Трите главни карактеристики на воената професија се: стручност, одговорност и припадност. Добро дефинирана сфера на стручност треба да биде заедничка за сите офицери. Таа стручност ги прави воените професионалци различни од цивилите. Специфични вештини кои сите офицери треба да ги знаат се: насочување, оперирање и контрола на организации чија главна намена е да применуваат насилство. Додека, управувањето со насилство треба да биде основна функција за сите воени професионалци. Втората карактеристика за која Хантингтон мисли дека е главна за воената професија е одговорноста. Стручноста која воените професионалци ја поседуваат наметнува посебни одговорност за цивилното општество. Цивилното општество диктира управувањето со насилство да биде користено само за исполнување на цели кои се одобрени од тоа општество, што е уште една потврда за познатото тврдење на Клаузевиц дека војната започнува како продолжение на политиката и продолжува да се одвива под контрола на политиката. Дополнително, додека повеќето од професиите до некоја мерка се контролирани од државата, воената професија е монополизирана од државата. Според Хантингтон, последната главна карактеристика на воената професија е припадноста. Припадноста се изразува преку припаѓање на одредена структура. Воената професија во своите рамки треба да има развиено официјална бирократија, општествени групи, здруженија, училишта, весници, обичаи и традиции. Ова треба да биде професионалното опкружување на еден воен професионалец. Разграничувањето помеѓу воениот офицер и цивилот треба да е јасно видливо и се симболизира во модерните општества со носење на униформа и чинот.
Морис Јановиц причината за појавата на воената професија ја наоѓа во зголемувачката технолошка сложеност на воените операции, кои побаруваат извршување од високо обучени и образовани воени професионалци. Технолошкиот развој и во иднината ќе продолжи да побарува високо образувани воени професионалци за што ќе биде потребно многу време за обука и усовршување на вештините. Овие промени побаруваат од државата старите модели на брза мобилизација по која следи брза демобилизација да се напуштат во корист на потрајни и професионални воени формации. Тука би требало да се акцентира и обврската на воените професионалци кои се високо обучени и специјализирани да го советуваат цивилното општество, односно органите на државната власт за потребите за одржување и зголемување на воената професионалноста. Воената професија е професија која има постојана природа и има менлива стручност. Современите вооружени сили треба да ги ценат и двете карактеристики за да обезбедат образованието и обуката на воените професионалци да останат целесообразни и соодветни на променливите потреби.
Мик Рајан, градејќи на темелите поставени од теоретизирањата и праксата на Шарнхорст, Клаузевиц, Хакет, Хантингтон и Јановиц, предлага осовременување на главните карактеристики на воената професија од кои ќе биде составена непроменливата природа на воената професија. Четирите главни карактеристики, предложени од Рајан,



се: стручност, управување, припадност и служба на државата. Военета вештина на офицерот не претставува ниту занает, ниту уметност. Таа преставува исклучително сложена интелектуална умешност која побарува сеопфатно образование и обука. Да се биде стручен во воената професија значи да се има посветеност кон постојано достигнување на поединечни и колективни успеси преку совладување на вештините и теоретското знаење за доделената улога. Тоа вклучува и разбирање и на дополнителни активности кои се поврзани со доделената улога, вклучително и краткотрајно преземање на непосредно повисоки должности. Воените професионалци управуваат со воена професија. Управувањето подразбира работите да се остават во подобра состојба од состојбата во која се затекнати. Обврска на воените професионалци е постојано да побаруваат подобрувања кај поединците и тимовите. Управувањето е треба да биде водено од желбата да се предводи и напредува, наместо да се застрани од најдобрите пракси поради предизвици кои треба да се далечни за воената професија. Офицерите имаат обврска да се грижат и да го подобруваат и унапредуваат доверениот персонал и средства. Воената професија одржува карактер на припадност. Таа има сопствена формална воена бирократија и организација и има поставено сопствени здруженија, училишта, центри за обука, весници, обичаи и традиции. Овој пристап вклучува и знаење на мисијата на воената професија и познавања за културата, политиките и структурите кои даваат поддршка на воената професија. Важен дел од припадноста е самоидентификацијата, што обезбедува безбедност за припадниците и со тоа институцијата може да ги




обликува припадниците во посебна социјална група. Личната лојалност мора да биде предадена на државата, воената институција и на органите на државната власт. Воените активности се изведуваат за унапредување на широките национални интереси, а не за остварување на тесни лични интереси. Развиената стручност за управување со насилство во рамки на воена професија придодава и специфична одговорност на воените професионалци. Суштината на воената професија подразбира поседување на волја за изложување на ризик за повреда или смрт за исполнување на законски мисии доделени од државата.
Вилијамсон Мареј тврди дека војната е многу сложен потфат кој бара голема интелектуална посветеност и висок морал. И најмалите грешки во војна можат да резултираат смрт на голем број недолжни цивили. Оттука се јавува потребата воените професионалци да ја усовршат најсложената и интелектуално најтешката професија. Технологијата продолжува да напредува, општествата продолжуваат да се менуваат и на светската сцена повторно се појавува натпреварот помеѓу големите сили. Со тоа, се појавува неопходната потреба за еволуција на нашите сфаќања за воената професија, за промените на потребната стручност и за начинот на кој воената професија треба да си ја задржи професионалноста. Воениот професионалец  треба да посвети  внимание на изградбата на карактерот при изградбата на својата професионалност. Карактерот ги вдомува основните принципи на човечкото функционирање во рамки на општеството. Воената професија поради својата сложеност и интелектуалниот и моралeн товар што со себе го носи може да предизвика непредвидливи промени кај воените професионалци како млади, на почетокот на нивните кариери. Таа дилема најдобро ја илустрира Џон Бојд  со своето прашање: „Дали сакаш да бидеш некој или сакаш да направиш нешто?“ Да се биде или да се дејствува е прашањето. Според Џорџ Вашингтон, дисциплината е душата на една армија. Дисциплината ги прави малите бројки значителни, обезбедува успех за послабите и почит за сите. Но, дури ни дисциплината не може да ја отстрани двојноста на воената професија.  Воената професија треба да си ја задржи својата природа, но треба да ги менува сопствените карактеристики во согласност со промените на општеството и технологиите. Военото образование и воената обука се столбовите врз кои треба да се постави воената професија за да обезбеди стабилност и потпора за понатамошен развој.

Томица Ристоски






# Транзициска правда: Случај Аргентина

Навраќајќи се наназад во случајот на Аргентина и нејзиното соочување со злосторничкото минато, оваа констатација укажува дека задачата е и повеќе од сериозна, со малку гарантиран учинок и процент на реализација. Одлуката да се формира Комисија за вистината, дојде како резултат од огромната болка со која се соочуваше аргентинското општество. Тоа беше начин на собирање на информации кој барем тогаш, се сметаше за непознат. Воспоставувањето на Комисијата беше првиот обид да се соберат информациите кои постојат и луѓето да добијат право на жалба. Ден-денес во судењата се користат извештаите од 80-тите иако сеќавањата на жртвите се стари четириесетина години, но и како такви, остануваат врежани во нивните сеќавања и следствено, во судскиот систем. Иако случајот на Аргентина според многу теоретичари е сѐ уште конфузен, не може да биде негиран фактот дека земјата воспостави специфичен начин на соочување со злосторничкото минато кое имаше влијание врз процесите во други држави. Комбинацијата на судења и

> Доколку светот научи нешто од случајот на Аргентина, тоа е дека семејствата на жртвите не заборавaaт. Надежите и напорите за правда на семејствата мора да бидат испочитувани. Искуството што го покажа долготрајноста на судењата и огромните вложени напори укажуваат на тоа дека правда мора да се бара и мора да се бара на соодветен начин

комисиите кои се бореа за вистината – дури и воспоставување на судење за вистината како концепт. Ваквата иновативност, воспостави еден механизам кој најстрого го осуди прогласувањето амнестија за ништовно и дозволи блокираните судења да се активираат за барањата за правда на семејствата на жртвите да го дочекаат светлото на денот.

Генерал потполковник Хорхе Рафаел Видела отсекогаш тврдеше дека само ја извршувал својата должност. Не само што ја спасил Аргентина од политички хаос, туку и ја одбранил „западната христијанска цивилизација“ во борбата против комунизмот. Тој не се покаја до неговиот суден ден (природно, 17 мај 2013), изјавувајќи во 1998 г. дека „ги отфрла обвинувањата против него и ја повикува аргентинската нација и нејзините вооружени сили, кон честа и победата”.

Познат е по прекарот Пинк Пантер, поради неговото специфично ковчесто лице. Роден е во воено семејство во провинцијата Буенос Аирес во 1925 година; неговиот татко одиграл активна улога во првиот воен удар во Аргентина од 20 век, кога владата на Хиполито Јиригон била соборена.

По смртта на Хуан Перон во 1974 година, неговата вдовица Изабел стана претседател на Аргентина. Станувајќи очигледно дека нејзината влада е осудена на пропаст, поделена со внатрешни ривалства и зголемената закана од вооружени герилски групи, Видела станува началник на Генералштабот на Армијата и

во октомври 1975 г. им наредува на своите сили да се концентрираат на елиминирање на „субверзивната закана по Аргентина“. На 24 март 1976 г., Изабел Перон беше уапсена со целиот нејзин кабинет и стотици политичари, синдикалци и други лидери. Пучот помина без крв бидејќи никој не крена прст противејќи се, на она што Видела и неговите колеги го нарекоа „Процес на национална реорганизација“, односно заедничка кампања за киднапирање, тортура и убивање. Секојдневно исчезнуваа деца, жени, студенти, уметници, писатели, лекари, интелектуалци, односно секој што се сметаше за дел или поддршка на левичарските герилски групи. Видела станувајќи претседател на 29 март 1976г. со другите членови на хунтата (како најистакнати адмирал Емилио Едуардо Масера и бригаден генерал Орландо Рамон Агости) тврдеше дека се во војна со субверзивните, иако во моментот властите поседуваа бројни докази дека герилските групи веќе се значително поразени. Извештаите говорат дека во периодот меѓу 1976 и 1978 г. биле користени вкупно 364 тајни центри за притвор за да ги примат илјадниците „исчезнати“, кои биле рутински измачувани и убивани, а нивните тела фрлани во масовни гробници или од авиони во текот на ноќта преку Ривер Плата. На прашањата од печатот, хунтата ја користела флоскулата дека „исчезнатите најверојатно се приклучувале кон другите герилски движења надвор од државата“’. 20 години подоцна, во 1998 година, Видела конечно признава дека постоел план да се ослободат од левичарските групи на овој начин. „Не можевме да ги ставиме сите 5000 пред стрелечки вод, аргентинското општество немаше да го прифати тоа. Во еден момент размислувавме да објавиме листи, но тогаш имаше простор за приговор: ако кажеме дека биле убиени, тогаш ќе почнат непријатните прашања: кој ги уби, каде, како, а тоа не можевме да го дозволиме.“

„Валканата војна” се водела на неколку фронтови. Хунтата ги нарекла „терористи“ левичарските активисти и според досегашните процени, киднапирала и убила над 30 000 луѓе. Жртвите умирале мачени, фрлани во огромни јами или дрогирани од авиони во морето. Овие поединци станаа препознатливи како „исчезнатите“, односно “Los desaparecidos“. Владата не се обидела да ги идентификува или документира исчезнатите. Со отстранување на нивните тела, хунтата всушност можела да се преправа дека овие луѓе никогаш и не постоеле. Но, членовите на семејството и пријателите на исчезнатите знаат дека постоеле. Тие знаеја за „летовите на смртта“, слушаа за концентрационите логори каде што луѓето беа силувани и измачувани. И очајно ги бараа трагите на своите најблиски. Меѓу исчезнатите биле и деца родени од бремени жени кои биле чувани доволно долго за да ги родат своите бебиња, а потоа да бидат убиени.






Петстотини од тие деца се проценува дека биле дадени на други семејства, лишени од својот идентитет: оставени во сиропиталишта или продадени на црниот пазар. Во 1977 г. група очајни мајки со бели шамии започнале со протести секоја недела на плоштадот „Плаза де Мајо“ и маршírале. Претставници на Владата во почетокот се обидувале да ги маргинализираат, нарекувајќи ги „las locas“’ – лудите. Владата, сакајќи да ја потисне оваа група поради страв од реакција помеѓу населението, се свртела против мајките со истиот тип на насилство што го доживеале и нивните деца: биле наоѓани силувани, фрлани, убивани. Искористувајќи го моментумот околу Светскиот куп (воедно и најконтроверзниот фудбалски натпревар во историјата на Мундијалот) започнале сè поредовно да се собираат. Во 1981 г., се собрале на својот прв „Марш на отпорот“, 24-часовен протест што се претворил во годишен настан. Нивниот активизам помогнал да се сврти јавноста против хунтата и да се зајакне свеста за политиката на дотогашното молчење и заплашување. На 1 август 1978 г. откако наводно биле совладани „субверзивните“, Видела ја препушта позицијата на наследниците на хунтата, кроејќи планови за постепена транзиција кон демократското владеење со себе како водечки претседателски кандидат. Паралелно, неговите планови пропаѓаат по дебаклот на Фолкландските Острови (што тој не го поддржа) и враќањето на политичките партии на власт кон крајот на 1983 г. Неговото следно појавување е на обвинителна клупа во април 1985 г. кога Владата на претседателот Алфонсин ги става членовите на хунтата на обвинителна клупа за злосторства над човештвото.




Тука вреди да се спомене исклучителниот придонес на обвинителите и тимот на млади правници на Хулио Сезар Страсера и Луис Морено Окампо. Кога перонистот Карлос Менем победил на изборите во 1989 г. ги помилувал воените и герилски лидери кои сè уште биле во затвор. Меѓу нив бил и Видела, кој во јавното писмо инсистирал дека никогаш не побарал да биде ослободен, повикувајќи го новиот претседател да ја врати репутацијата на вооружените сили. 1996 г. против Видела беше отворена нова постапка, за киднапирање на пет деца од нивните мајки кои исчезнале по државниот удар во 1976 г. Кратко откако родиле, нивните деца биле одземени од нив и дадени на семејства на воени старешини или други бездетни двојки. Иако Видела беше помилуван поради злосторствата извршени помеѓу 1976-1983 г. групите за човекови права успешно се изјаснија дека киднапирањето на децата сè уште трае и затоа не било опфатено со помилувањето од претседателот Менем. На 22 декември 2010 г. Видела беше осуден на доживотен затвор за смртта на 31 затвореник по неговиот државен удар, а потоа, по 16 години судење, во 2012 беше осуден на 50 години за киднапирање на бебиња. За сите негови дела, беше осуден како директно одговорен во 66 убиства, 306 киднапирања, 93 случаи на тортура и четири кражби. Видела беше осуден на доживотен затвор и лишен од генералскиот чин и граѓанските права. Одбивајќи да се правда понатаму, прифати удобен затвор во воен камп надвор од Буенос Аирес.

Режимот на Реиналдо Бенито Бињоне беше приморан да дозволи општи избори во 1983 г. поради комбинираниот ефект на домашниот и меѓународниот притисок да се разјасни судбината на исчезнатите, економската криза и воениот пораз со Велика Британија околу Фолкландските Острови. Раул Алфонсин беше избран за претседател и во првата недела ја основаше CONADEP (16 декември 1983 г.) укинувајќи ја воената амнестија која ги штитеше високите воени авторитети од истрага. Мандатот на CONADEP (Национална комисија за исчезнатите на Аргентина/ Comisión Nacional Sobre la Desaparición de Personas) беше да го истражува исчезнувањето на лицата помеѓу 1976 и 1983 г., причините, како и локацијата на погребаните за идна есхумација. Комисијата ја сочинувале тринаесет лица: дванаесет мажи и една жена. Од нив, десет биле незаконодавни членови кои ги именувал претседателот Алфонсин, додека тројца се избрани од страна на Конгресот. Комисијата работела во деветмесечен период, од 16 декември 1983 до 20 септември, 1984 г. Според нејзиниот извештај, во периодот од '76 до '83 година, документирани се околу 9000 исчезнувања, но поради стравувањата на семејствата на жртвите, Комисијата проценува дека станува збор за реална бројка од неверојатни 10 000 до 30 000 луѓе. Комисијата пријавила 8960 исчезнувања во најдобрите денови на хунтата во Аргентина. Исчезнувањата, тајните притвори и одложувањето на телата на непознати локации било систематски воспоставена практика. Сите исчезнати биле убиени и апропо недостатокот на информациите бил свесен чин на Владата во насока да се спречи кохезија помеѓу жртвите. За репресивните практики, кои биле под заповедништво на најголемите воени авторитети, генерал Реиналдо наредил уништување на сите физички докази и воена документација која би можела да води кон докажување на одговорноста во засегнатата воена хиерархија. Комисијата согласно Извештајот препорачала воспоставување на програма за репарација на семејствата на исчезнатите и продолжување на тужбите и дополнителните истраги во врска со лицата кои сè уште се водат како исчезнати. Препорачала реформа на правосудството, како и подобрување на образованието за човековите права. Претседателот Алфонсин официјално ги одобрил наодите на Комисијата, како и емитувањето на двочасовниот документарен филм за работата на Комисијата. Армијата ги негираше извештаите. 1992г. е создадена Националната комисија за правото на идентитет, која ја централизираше потрагата за исчезнатите деца во аргентиската валкана војна. Две години подоцна, Аргентина го реформираше својот Устав, со цел да ја унапреди демократијата и ги издигне меѓународните договори кои ги ратификувал Конгресот на ниво на уставно право. Реформираниот Устав ја обврзува државата да усвои сет позитивни мерки со цел повисоко ниво на почитување на човековите права. Информациите кои ги собираше Комисијата беа пресудни во судењата против воената хунта за да на крај петмина генерали бидат осудени, иако законодавството при крајот на 80-тите го стопираше кривичното гонење против другите сторители. Законот за амнестија, кој беше усвоен од страна на воениот режим во 1983 г., се укина во 2003 г. Укинувањето резултираше во судења против над 700 обвинети. Во 2004 г., 3 милијарди американски долари биле наменети за репарација на жртвите на незаконски притвор. За да бидат квалификувани за обештетување, жртвите морале да докажат дека биле притворени без судење меѓу 1976 и 1979 г. Армијата не демонстрирала намера за соработка и не ја обезбедила побаруваната документација.

Тамара Лазаревска



# Четврта и петта генерација на мировни операции

Мировните операции од четвртата и од петтата генерација претставуваат комбинирана употреба на сила со зголемен обем на цивилни задачи, со поинтрузивен, понаметлив ефект врз локалната автономија отколку мисиите од втората генерација. Во националните доктрини овие мисии се опишани и како операции за поддршка на мирот

Дефиницијата за градењето на мирот е преземена од документот на ОН насловен како Агенда за мир. Овој концепт претставува: акција за идентификување и поддршка на структурите кои имаат тенденција да го зајакнат и зацврстат мирот, со цел да се избегне започнување на конфликт; преземање на сериозни напори за идентификување и поддршка на структурите кои имаат тенденција да го консолидираат мирот и да го унапредат чувството на доверба и благосостојба меѓу луѓето; склучување на договори за прекин на вооружениот конфликт помеѓу граѓаните, разоружување на завојуваните страни, враќање на редот, законот, уништување на оружјето, враќање на бегалците и раселените лица во нивните домови, совет и обука на безбедносните служби, мониторирање на изборите, унапредување на механизмите за заштита на човековите права, реформирање и зајакнување на владините институции и промовирање на формални и неформални процеси на политичко учество. Овие операции, кон крајот на Студената војна беа сериозно сфатени. Наодите од истражувањата во раните 1990-ти, ја поврзуваа внатрешната форма на државите со нивната надворешна политика, конкретно хипотезите за „демократскиот мир“ и тврдењата дека либералните демократии не иницираа војна едни против други, заземаа сѐ поголемо влијание во западните влади и мултилатералните институции. Целосната употреба на расположливите ресурси во мисиите за градење на мирот претставува значајно поместување од претходната логика на мировните операции како алатка за управување со конфликтите. Градењето на мирот претставува поамбициозна задача отколку администрирање на постигнатиот моментален мир. Мировните операции за градење на мирот се посветени на создавање механизми според кои конфликтите може да се управуваат мирно, а не преку насилство. Тоа подразбира

олеснување на процесот на одржување на избори, репатријација на бегалците и јакнење на владините институции. Ваков модел на градење на мирот се остварува со преодна администрација, при што остварувањето на суверенитетот над одредена територија привремено е во надлежност на мировната мисија на ОН, а на сите извршни, законодавни и судски органи привремено се поставени раководни лица од ОН. Пример за ваква форма на водење на мисија за градење на мирот се Привремената административна мисија на ОН во Косово (УНМИК) и во Источен Тимор (УНТАЕТ). Мисијата на ОН за стабилизација на Хаити 2004 – 2017 г. (МИНУСТАХ) има типични задачи од четвртата генерација. Во јануари 2004 г. протестите против претседателот на Хаити доведоа до насилни судири. Востанието се прошири, па за кратко време под контрола на бунтовниците беа неколку градови во Хаити. Тим на дипломати претставија план за одземање на претседателската моќ на претседателот Аристид, притоа овозможувајќи му да остане на функцијата до крајот на уставниот рок. Иако Аристид го прифатил планот, тој подоцна пребегува во Централноафриканската Држава. Функцијата претседател ја превзема главниот судија на Врховниот суд, Александар Бонифациј. Тој поднесува барање до СБ на ОН за интервенција на меѓународните мировни сили во Хаити. МИНУСТАХ треба да се концентрира на користење на сопствени ресурси, вклучувајќи ја и цивилната полиција, за да постигне зголемување на безбедноста и заштита за време на изборниот период и да им помогне со реставрација и одржување на владеењето на правото, јавната безбедност и јавниот ред во Хаити. Операциите за градење на мирот најчесто се реализираат преку процесите на политичка институционализација и економска либерализација. Политичката институционализација е условена од директно надворешно учество во обликувањето на владините институции и претставува поткатегорија на градењето на мирот позната како градење на државата или state-building. Во отсуство на екстензивни историски традиции во вестфалски стил, ОН се ангажираа и во „градење на нацијата“. Ова се интрузивни форми на меѓународно ангажирање и означуваат значителна промена во целите на меѓународната интервенција . Градењето на државата се однесува на политичките и историските процеси на создавање, институционална консолидација, стабилизација и одржлив развој на државите, од најраното појавување на државност до модерното време. Пристапот за градење на држава претставува една од најпосакуваните стратегии за градење на мирот во голем број конфликти од висок профил, вклучувајќи го и Израелско-палестинскиот конфликт и



конфликтите поврзани со војната во Босна и Херцеговина, Ирак и Авганистан. Градењето на државата се потпира на три основи: безбедносна, политичка и економска, при што безбедносната се смета за најприоритетна. Кога градењето на државата се користи во конфликтни и постконфликтни општества, приоритет е да се создаде безбедно опкружување со цел да се постигне поширок политички и економски развој.
Оливер Ричмонд, еден од најистакнатите експерти на конкретниот облик на градење мир во практиката, меѓу другите клучни прашања ги посочува промените во посакуваниот исход од интервенцијата. Наместо традиционалниот мировен фокус на управувањето со конфликтот и постигнување на спогодба заснована на добра волја на страните во конфликтот, градењето на мирот активно се обидува да ги реши основните причини за конфликтот и доколку е потребно, со сила да ги создаде условите за траен мир. Сложеноста на мандатот за градење на мирот и неговите се поамбициозни задачи доведоа до значително зголемување на бројот на организации и други фактори коишто се вклучени во овие операции. Тука се вклучени регионални организации како НАТО, ОБСЕ, специјализирани агенции на ОН, меѓународни невладини организации и меѓународни финансиски институции. Напорот за координација на сите овие различни актери и нивните дивергентни агенди е клучен предизвик опфатен во документ на ОН од 2008 г. Тоа е доктрина која претставува клучен документ кој ги обезбедува водечките принципи и основни цели на мировните операции на ОН. Ги идентификува основните фактори кои придонесуваат за ефективни операции на терен и ги разјаснуваат одговорностите на мировниците на речиси секое ниво, како и очекувањата на ОН.
Развојот на петтата генерација: хибридни миривни мисии, претставува распоредување на воен и полициски персонал под мешана команда на ОН и разни регионални организации. Овие мисии ја претставуваат очигледната промена во поделбата на обврските во





глобалниот систем на мировни операции. Клучно во овие промени е постепената промена на ставот на западните сили во однос на мировните операции, во периодот од средината на 1990-тите години до денес. Поразени од неуспесите на мировните мисии на ОН во Руанда, Сомалија и во Босна, западните сили сѐ повеќе се повлекуваа од сините шлемови. По нападите на 11 септември 2001 г., силите на НАТО се фокусираа на мисиите во Ирак и во Авганистан, а во силите на ОН доминираа војници од Јужната хемисфера. На пример, процентот на скандинавски војници во редовите на ОН од 25% падна на 5%, а со текот на времето, повеќе од 40% од војниците на ОН доаѓаа од Индискиот или Јужноазискиот Потконтинент. Разликите во ставовите кон мировната интервенција, особено во однос на спроведувањето на мирот и толкувањето на суверенитетот, доведе до поделба на ангажирањата во рамките на мировните операции. Овој тренд е забележлив помеѓу членките на НАТО, каде што во голема мера е интернационализирана идејата за употреба на сила за заштита на цивилите и заштита на човековите права. Пример за вакви операции се инвазијата на Ирак, надвор од ОН, Меѓународните безбедносни сили за помош во Авганистан, одобрени со Резолуцијата 1973 на СБ на ОН од 2011 г. за спроведување на воена интервенција во цивилната војна во Либија. Во 2009 г. ОН реагираа на овој тренд со документ познат како „Нов хоризонт“ издаден од Одделот за мировни операции, во кој се повикува на создавање на координиран глобален мировен систем кој вклучува поширока основа за придонесување на државите и организациите. Оваа поделба на задачите се јавува и во рамките на хибридните мисии. Неколку регионални организации, особено во Европа и Африка, се вклучија во хибридни мисии. НАТО, преку Косовските заштитни сили (КФОР), беше под посебна команда од безбедносен аспект на оваа мисија, додека ОБСЕ се занимаваше со градење на институциите. Неколку западни држави поединечно ги поддржаа мировните операции на ОН со силни воени контингенти, како што се



Велика Британија во Сиера Леоне во 1999 г. и Франција во Брегот на Слоновата Коска во 2010 г. Во согласност со посветеноста на ОН да побара „африкански решенија за африканските проблеми“, Африканската Унија, исто така, презеде зголемена воена улога во решавањето на конфликтите, распоредувајќи контингенти за извршување на хибридни операции предводени од АУ и ОН нации во Дарфур (УНАМИД), како и самостојно, иако како дел од меѓународно координирани напори, во Сомалија преку Мисијата на АУ во Судан (АМИС).
Пример за ефектот на селекција меѓу мисиите, феномен кој е во корелација со хибридизацијата типична за петтата генерација, е мисијата МИНУСТАХ, четврта генерација на мировната операција на ОН во Хаити, каде што мнозинството војници доаѓаат од Јужна Америка и главниот фокус на мисијата е економски развој и општествена стабилност. Оваа поделба на задачите е особено погодна за создавање на нова моќна сила во мировните операции како Бразил, кој цврсто го интегрира својот силен ангажман во Хаити во своите аспирации за што поголем меѓународен рејтинг. Како што се зголемува глобалниот профил на земјата и нејзините ставови кон интервенцијата, придружени со преземање на нови одговорности при нови околности, мировните операции ќе останат клучно прашање за интеракцијата на земјата со меѓународната заедница. Мировните операции традиционално претставуваат клучна алатка за надворешната политика за средно силните држави, а ова е уште поважно за новите сили како Бразил, Индија и државите од Јужна Африка.
Како што се развиваат во текот на последните шест децении, мировните операции станаа неизбежна и клучна алатка за управување со конфликтите на меѓународната заедница. Значителни промени се постигнати за прашања кои што се од централно значење за меѓународната политика, како што се воената интервенција и суверенитетот, напредок во заштитата на цивилните и човековите права, глобализацијата на западните норми како либералниот мир и развојот на постколонијалните држави, иднината на колективната безбедност и ефикасноста и репрезентативноста на мултилатералните институции во услови на промени во глобалната моќ. Мировните операции и во иднина ќе останат централна тема во меѓународната безбедност, бидејќи тие стануваат се поамбициозни и поефикасни и со посилен ефект врз целната популација. Овие мисии заслужуваат внимание и нивно идно проучување и во двата случаи, односно кога не во потполност ги остваруваат нивните мисии и исто така кога честопати во минатото, тивко ја превенираат и ја спречуваат појава на многу воени конфликти и хуманитарни катастрофи кои што може да се случат во нивно отсуство.

д-р Ненад Танески



# НАТО стратешка насока за иновациски забрзувач за 2023 година

Во декември 2022 година, Одборот на директори на одбранбениот иновациски забрзувач на НАТО за Северниот Атлантик (NATO's Defence Innovation Accelerator for the North Atlantic – DIANA) се согласи дека енергетската отпорност, безбедното споделување на информации и надзорот ќе бидат приоритетните области на фокусирање на работата на Одборот во делот на новите технологии за 2023 година. Трите области се столбот на Стратешката насока на Одборот за 2023 година. Стратешката насока ќе ја поттикне идентификацијата на првите предизвици на Одборот во делот на одбраната и безбедноста, за кои мора да се најдат технолошки решенија со двојна употреба.

„Оваа стратешка насока дава јасни насоки за извршната работа за развојот на пилот-програмите кои ќе бидат лансирани во пролет/лето 2023 година. Овие програми ќе имаат корист како за цивилните, така и за воените заедници", коментира Дејвид Ван Вел, привремен извршен директор на Одборот на директори на одбранбениот иновациски забрзувач на НАТО за Северниот Атлантик. Енергетската издржливост ќе се обиде да обезбеди енергијата во секое време да биде достапна и доволна за одржување на мисиите и операциите на НАТО. Технолошките решенија во оваа област треба да им помогнат на сојузниците подобро да се подготват, приспособат, да ги миниминизираат последиците и да се опораваат од очекуваните и неочекувани енергетски нарушувања.

Безбедното споделување на информации се однесува и на гарантирање за заштитено собирање и обработка на доверливите податоци. Препознавањето и надзорот се однесуваат на откривањето и систематското набљудување на физичките и дигиталните домени, со цел да се овозможи, на пример, спознавање во определена ситуација, како и предвидување на можни ситуации во овој сегмент.

На состанокот, кој се одржа во декември 2022 година, Одборот на директори го избра својот прв претседател, Барбара К. Мек Квистон, заменик-главен технолошки директор за наука и технологија од Американскиот оддел за одбрана, како и заменик-претседател, Имре Порколаб, министерски комесар за иновации во одбраната од Министерството за одбрана на Унгарија.

> Сојузниците на НАТО, на Самитот во Брисел во 2021 година, се согласија да формираат Одбор на директори на одбранбениот иновационен забрзувач на НАТО за Северниот Атлантик

Одборот треба да обезбеди длабоки технолошки, иноватори со двојна употреба во земјите на НАТО со средства и брз пат за прилагодување на нивните технолошки решенија кон потребите за одбраната и безбедноста.

Ова, исто така, ќе помогне да се осигура дека Алијансата ќе го задржи својот технолошки капацитет во приоритетни области, вклучувајќи ја и обработката на масивни податоци, вештачката интелигенција (AI), квантната биотехнологија и човечко подобрување, енергијата и погонот и напредното производство, хиперсониката и просторот.

м-р Зорица Стојкова



# Македонски офицер дел од Комбинираниот НАТО центар за воздухопловни операции во Торехон

Република Северна Македонија за прв пат испрати свој претставник во Штабот на Центарот за воздухопловни операции во Торехон, Шпанија. Приклучувањето на мајорот Роберт Митровски од Воздухопловните сили на Армијата на Република Северна Македонија во тимот на CAOC, значи и комплетирање на овој меѓународен тим составен од повеќе од 180 припадници од 18 земји членки

Пристапувањето на нашата земја во најголемиот воено-политички безбедносен сојуз, НАТО алијансата, беше остварување на една од двете стратешки цели кои ги поставивме како држава во насока на зачувување на безбедноста, мирот и економски раст и развој. Со нашето зачленување во Северноатлантската алијанса, долгорочно го обезбедивме мирот, стабилноста и безбедноста на нашите граѓани, но со тоа се придонесе и за зајакнување и стабилизација на безбедноста на регионот и пошироко. Како и претходно, така и по нашето зачленување во НАТО, Република Северна Македонија продолжи со свој активен придонес во мисиите кои се под надлежност на Алијансата, но овој пат како рамноправна членка, а тоа значи дека сега сме дел од колективна одбрана во која делуваат вкупно 31 земји членки (на 4.04.2023 година, Финска стана 31 членка на НАТО), кои ја гарантираат безбедноста на секоја земја поодделно, по принципот „еден за сите и сите за еден“, согласно Членот 5 од Вашингтонскиот договор.

До моментот на нашето пристапување во Алијансата, македонските офицери имаа можност да бидат дел од командните структури на НАТО само како партнерски штабни елементи. Но и од оваа позиција, тие покрај тоа што црпеа искуство и знаење кое несебично го споделуваа со своите македонски колеги, даваа и свој придонес. Денес, македонските офицери се дел од сојузничките командни структури како дел од меѓународниот воен персонал во Главниот штаб во Брисел, во Врховниот штаб на сојузничките сили во Европа – SHAPE, во Белгија и за прв пат, од 21 март 2023 година во Комбинираниот НАТО центар за воздухопловни операции (Combined Air Operations Center – CAOC) во Торехон, Шпанија, кој е еден од двата НАТО центри. Приклучувањето на мајорот Роберт Митровски од Воздухопловните сили на Армијата на Република Северна Македонија во тимот на CAOC, значи и комплетирање на овој меѓународен тим составен од повеќе од 180 припадници од 18 земји членки. На денот на приклучувањето во Центарот се одржа церемонија за пречек на македонскиот претставник од страна на командантот на единицата, генерал-потполковник Фернандо де ла Круз и церемонија за подигнување на македонското знаме. По тој повод, генералот Фернандо де ла Круз имаше свое обраќање пред присутните каде изрази благодарност за придонесот на Северна Македонија кон овој Центар за перманентно воздушно набљудување на јужното крило на НАТО и за севкупниот придонес во структурите на Алијансата. Центрите за комбинирани воздухопловни операции во Уедем, Германија и Торехон, Шпанија се одговорни за планирање, координација, надзор, реализација на задачи и поддршка на воздухопловните операции на доделените средства во мир, кризи и конфликти и имаат задача во тесна координација со националните контролни и известувачки центри да ја извршуваат мисијата на НАТО, воздухопловно патролирање, Air Policing. Преку овој центар, Алијансата ја извршува својата мисија и над нашиот воздушен простор за зачувување и заштита на македонското небо. Со приклучување на мајорот Митровски во Комбинираниот центар за воздухопловни операции нашата земја има свој претставник во извршувањето на мисијата на овој центар. Митровски со своето знаење и искуство стекнато во редовите на македонската Армија, сега веќе дава придонес на позицијата контрола/надзор на борбени воздухоплови на воздушниот простор на Алијансата.

Душко Аврамовски



# Претставниците на СЕЕБРИГ повторно донираа за Куманово

Претставниците на општина Куманово и на командата СЕЕБРИГ повторно се сретнаа во пријателска атмосфера во општината. Повод за средбата е уште една донација од командата, овој пат наменета за потребите на општината.

– Денеска остварив средба со највисоките претставници на СЕЕБРИГ од сите земји членки: Албанија, Бугарија, Грција, Романија, Турција и државава во општина Куманово. На средбата потпишавме договор, при што бригадниот генерал Евангелос Митруцикос ми врачи донација, видеопроектор наменет за потребите на општината. Оваа донација претставува плод на досегашната соработка, која достигна завидно ниво преку реален дијалог и активности, со цел имплементирање на проекти во сите општествени области, кажа кумановскиот градоначалник, Максим Димитриевски.

Ова не е прва донација од Командата. Претходно, за време на пандемијата Ковид-19, Командата донираше компјутери и речници за потребите на учениците во централното основно училиште „Крсте Мисирков“. Поради ковид пандемијата, тогаш наставата се изведуваше „онлајн“ и компјутерите беа главна алатка во спроведувањето на наставниот процес. Професорите, тогаш кажаа дека за нив донацијата е значајна заради полесно справување со предизвиците, кои произлегоа од здравствената состојба.

На овој начин, претставниците на Командата ја искажуваат почитта кон сега, веќе и нивните сограѓани кумановци. Димитриевски повтори дека Командата е дел од локалната заедница, секогаш присутна кога е потребна помош. Тој нагласува дека мултинационалните мировни сили се составен дел од градот и секогаш излегуваат во пресрет на потребите на локалната заедница.

Во екот на пандемијата, Командата на Бригадата за Југоисточна Европа (South-Eastern Europe Brigade-СЕЕБРИГ) со седиште во Куманово, во два наврати донираше опрема за кумановската болница. Тогаш претставниците на Командата кажаа дека им изразуваат почит на здравствените работници кои несебично се вложија во справувањето со пандемијата. Куманово беше еден од градовите со најголем број случаи на ковид заболени.

СЕЕБРИГ во Куманово се дел од заедницата, во добро и лошо, заедно ги споделуваат радостите и секојдневните предизвици, велат кумановци.

Кумановци не ги заборавааат ниту активностите за садење садници, како дел од мерките за справување со аерозагадувањето. Претставниците од командата и вработени од комунални претпријатија, заеднички садеа садници на локалитетот „Студена Вода“.

Бригадата е сместена во нашиот град, ги доживуваме како наши сограѓани, укажуваат кумановци, кои се отворени за заеднички иницијативи и соработка и во иднина,

СЕЕБРИГ е мултинационална мировна мисија, во која учесници се Албанија, Бугарија, Грција, Северна Македонија, Романија и Турција. Првично договорот е потпишан во 1998 година во Скопје, по што наредната година почнала ротациската мисија во земји домаќини, учеснички. Мисијата на Бригадата е да промовира регионална безбедност и стабилност преку мировната мисија, хуманитарна асистенција и помош при непогоди.

Куманово стана седиште на една од најзначајните регионални иницијативи, која е почната токму во државата. Бригадата на Југоисточна Европа е формирана во 1999 година, врз основа на договорот за регионална соработка на полето на одбраната, познат како договор за мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ), кој во 1998 година во Скопје го потпишаа министрите за одбрана на: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Северна Македонија, Романија и Турција. Според Договорот за формирање на Бригадата, локацијата на командата на СЕЕБРИГ е на ротациона основа, а нејзини домаќини досега беа: Пловдив, Констанца, Истанбул и Лариса.

Александра Максимовска


KFOR
NATO - OTAN
K13 125
НИЕСМЕНАТ
#ЗаедноПосилни









# Германски тенк „Leopard 1“

Тенкот “Leopard 1“ е првиот западногермански тенк развиен после Втората светска војна и при неговото дизајнирање фокус е даден на ефективната огнена моќ и голема мобилност наместо на голема оклопна заштита. Основната конструкција на тенкот „Leopard 1“е изработена од заварени челични плочи чија реална дебелина варира од 10 mm до 70 mm. Овој оклоп требал да овозможи заштита од топ со калибар од 20 mm. Борбената купола на првите верзии заклучно со „Leopard 1 A2“ е изработувана со лиење, додека верзиите „Leopard 1“ A3 и A4 поседуваат купола изработувана од заварени челични плочи. Инаку, тенкот поседува класична конструкција, односно во предниот десен дел е сместен возачот, а лево од него е магацинот за гранати. Централно е сместена борбената купола во која од десната страна напред е позицијата на нишанџијата, а позади него горе позицијата на командирот на тенкот, додека од левата страна е сместен членот за полнење на топот, кој е и радиооператор. Во задниот дел од тенкот е сместен погонскиот оддел со трансмисијата. За потребите на возачот се вградени 3 перископи, од кои централниот може да се замени со пасивен перископ со појачувач на слика за возење во ноќни услови. Зад перископите е поставен отворот за возачот. За војникот полнач на топот на кровот од куполата има вградено 2 перископи и отвор со прстен на кој има постамент за прифаќање на пушкомитралез „MG3“. На кровот од куполата над командирот исто така има отвор со прстен на кој е ставен постамент за прифаќање на пушкомитралезот „MG3“. Околу отворот на командирот кружно се вградени 8 перископи од кои предниот може да се замени со пасивен перископ со појачувач на слика наменет за ноќни услови. За потребите на командирот, пред отворот на кровот првично е вграден и нишанскиот перископ „TRP-1A“ (подоцна „TRP - 2A“), додека нишанџијата поседувал оптички нишан далечиномер „TEM-1A“ (подоцна „TEM-2A“), телескоп „TZF 1A“ монтиран коаксијално со топот кој има подвижна скала за подесување на висината според различните типови гранати и 1 перископ. За комуникација во првите верзии се користеле радиоуредите „SEM-25“ и „SEM-35“. Современата верзија на тенкот „Leopard 1 A5“ е модернизирана за да се зголемат борбените можности и можноста за преживување. За нишанџијата и командирот е вграден современ систем за контрола на огнот во комбинација со нишанскиот систем „EMES 18“, кој поседува термовизија и ласерски далечиномер. Вграден е и балистички компјутер, нов сервохидрауличен систем за управување со куполата, нови дигитални VHF комуникациски радиоуреди и друго. Основно оружје на тенкот е топот „L7A3“, со калибар од 105 mm, кој надворешно е обложен со термална облога, а на средината му е поставен одводник на барутните гасови. Топот е стабилизиран по вертикала и по хоризонтала. По елевација, топот може да се движи од -9° до +20°, додека по азимут, со ротација на борбената купола 360°. Борбениот комплет изнесува 55 гранати, од кои 13 се сместени во куполата, а 42 во магацинот, лево од возачот. Топот може да ги користи следните боеви гранати HEAT, APDS и APFSDS. Лево од топот е поставен коаксијален митралез „MG3“ со калибар од 7,62 mm, а на кровот исто така може да се постави пушкомитралез „MG3“. За потреба на пушкомитралезите тенкот стандардно носи 5500 куршуми. Тенкот е опремен и со 2x4 лансери на димни гранати „Wegmann“, со калибар од 76 mm. Од овие лансери можат да се лансираат димните гранати „DM35“ или фрагментациони боеви гранати „M-DN21“ или „M-DN31“. Од погон, „Leopard 1“ е опремен со повеќегоривен мотор „MTU MB 838 CaM500“, со моќност од 819 кс, во комбинација со трансмисијата ZF4 HP250, која поседува 4 брзини за движење напред и 2 брзини за движење назад. Одниот дел на тенкот е составен од 7 дупли потпорни тркала, 4 носачи на гасеници, погонските тркала му се поставени назад, а мрзливците се поставени напред. Потпорните тркала користат независни торзиони осовини, а на првото, второто, третото, шестото и седмото потпорно тркало се поставени и хидраулични амортизери. Гасениците се опремени со гумени папучи со широчина од 548 mm. Тенкот е опремен со систем за АБХО заштита, автоматски противпожарен систем, уред за греење на кабинскиот простор, радиоуреди за комуникација, инфрацрвен/ бел пребарувачки рефлектор модел „XSW-30-U“, „LLLTV“ камера од системот „PZB 200“ за ноќни услови, 2 пумпи за исфрлање вода при амфибиско движење, а од дополнителна опрема може да се постави модуларен оклоп. На предниот дел може да се постави „нож“ за расчистување препреки или опрема за чистење мини и др. Од тенкот „Leopard 1“ се произведени 4744 парчиња, а врз неговата основа е развиена цела фамилија на верзии и тоа: „Leopard 1 A1“, „Leopard 1 A2“, „Leopard 1 A3“, „Leopard 1 A4“, „Leopard 1 A5“ и „Leopard 1 A6“ (само прототип), но и повеќе подверзии според потребите на корисниците. Тенкот во различни верзии се користи или се користел во вкупно 13 држави од кои последна е Украина, која како донација ги доби од европските сојузници.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек на „Leopard 1 A2“**

1. Топ „L7A3“ со калибар од 105 mm
2. „LLLTV“ камера од системот „PZB 200“
3. Лева страна од оптичката глава на „TEM 1A“
4. Коаксијален митралез „MG3“, со калибар 7,62 mm
5. Оптички набљудувачки далечиномер од системот „TEM 1A“
6. Командиров независен нишан „TRP 1A“
7. Поклопец од отворот за командирот околу кој е поставен прстен со постамент за пушкомитралезот „MG3“, со калибар 7,62 mm
8. Позиција на командирот
9. Радиоуред „SEM 25“
10. Простор за чување на инфрацрвен/бел пребарувачки рефлектор „XSW-30-U“
11. Простор за чување на опремата за чистење на цевката




**12.** Погон „MTU MB 838 CaM500“
**13.** Кутија за алатки
**14.** Решетка од левиот ауспух
**15.** Погонско тркало
**16.** Лев резервоар за гориво
**17.** Метални гасеници марка „Diehel“ со гумени папучи со широчина од 548 mm
**18.** Заштитни метални пердиња
**19.** Позиција на полначот на топот
**20.** Магацин за гранати на топот спремни за дејство
**21.** Вшмукувач на воздух за АБХО заштитниот систем
**22.** Потпорно тркало
**23.** Мрзливец
**24.** АБХО заштитен систем
**25.** Магацин за гранати за топот
**26.** Позиција на возачот
**27.** Волан
**28.** 3 перископи за возачот

| Тактичко- технички карактеристики на тенкот “Leopard 1“A2 | |
|---|---|
| Екипаж | 4 |
| Должина со топот | 9.543 mm |
| Должина на телото | 7.090 mm |
| Височина до кровот / максимална височина | 2.613 mm / 2.764 mm |
| Широчина / со страничен оклоп | 3.250 mm / 3.370 mm |
| Клиренс | 44 sm |
| Борбена тежина | 42,2 тони |
| Погон | Повеќегоривен мотор MTU MB 838 CaM500 , со моќност од 819 кс |
| Максимална брзина на пат | 62 km/h |
| Максимална брзина наназад | 24 km/h |
| Капацитет на гориво | 985 литри |
| Автономија на движење | 560 km на пат, 325 km на земја |
| Премин преку ров | 2,5 m |
| Вертикална препрека | 1,15 m |
| Преден наклон | 60% |
| Бочен наклон | 30% |
| Водена препрека | 1,2 m (без припрема), 4 m (со припрема) |




# Авион „Lockheed Martin F-35 Lightning II“

Овој авион е наменет е за постигнување воздушна супериорност и за реализација на мисиите од типот: копнен напад, извидувачки мисии, како и за извршување задачи од противвоздушната одбрана но, исто така, се користи  за електронско војување и за разузнавачки операции, надзор и извидување. Тој ќе ја замени застарената флота на американското воено воздухопловство составена од „F-16 Fighting Falcons“ и „A-10 Thunderbolt II“, кои беа примарни борбени авиони повеќе од 20 години. Напредниот пакет со сензори на „F-35A“ е дизајниран да собира, да спојува и да дистрибуира повеќе информации од кој било ловец во историјата, давајќи им на операторите одлучувачка предност пред сите противници.

Главен изведувач на овој авион е компанијата „Lockheed Martin“ со главните партнери „Northrop Grumman“ и „BAE Systems“. Името на „F-35“, односно називот „Lightning II“ е втор пат користен назив после името на авионот „Lockheed P-38 Lightning“ од Втората светска војна. Повеќенаменскиот борбен авион од петтата генерација се произведува во три главни варијанти: за конвенционално полетување и слетување (F-35A/CTOL), за кратко полетување и вертикално слетување (F-35B/STOVL) и варијанта базирана за употреба од носач на авиони (F-35C/CV/CATOBAR). За првпат полетал во 2006 година, а првпат бил користен во вооружени операции после 12 години од страна на израелските воздухопловни сили. Стапил во служба во американскиот марински корпус (варијанта „F-35B“) во 2015 година, следен од американските воздухопловни сили (варијанта „F-35A“) во 2016 година и во американската морнарица (варијанта „F-35C“) во 2019 година. Од страна на САД се планира нарачка на околу 2500 парчиња од трите варијанти на авионот, сѐ до 2044 година. Тие ќе го претставуваат (во наредните неколку децении) најголемиот дел од тактичката авијација со екипаж на военото воздухопловство, морнарицата и маринскиот корпус, со проекција да функционираат сѐ до 2070 година.

> Авионот „Lockheed Martin F-35 Lightning II“ е едносед, повеќенаменски воздухоплов кој користи стелт-технологија за извршување повеќе мисии во сите временски услови.

**Развој на авионот**

Авионот „F-35“ произлегува од компанијата „Lockheed Martin“ и програмата „X-35“ како производ на „Joint Strike Fighter“ (JSF). На 26 октомври 2001 година „Lockheed Martin“ ја победил конкурентната компанија „Boeing“ и програмата „X-32“. „Lockheed Martin“ е прогласен за победник со доделување на договорот за развој и демонстрација на системот, а на компанијата „Pratt & Whitney“ одделно ѝ бил доделен договор за развој на моторот. Ова е една од најскапите програми, а неговиот развој главно е финансиран од Соединетите Американски Држави, со дополнително финансирање од земјите партнери во програмата, членки на НАТО и блиски сојузници на САД, вклучувајќи ги: Обединетото Кралство, Австралија, Канада, Италија, Норвешка, Данска, Холандија. Туркије е остранета од програмата откако нејзините одбранбени службеници биле санкционирани после купувањето на рускиот одбранбен систем „С-400“ од страна на Туркије и силното противење на САД за користење на овој руски систем од страна на членките на НАТО, велејќи дека тоа претставува безбедносна закана



за овој авион. Неколку други земји, исто така нарачале или размислуваат да го нарачаат авионот. Заедно со земјите партнери на програмата, Израел и Сингапур се приклучиле како учесници во безбедносната соработка, а продажбата на држави кои не се партнери во програмата, вклучително и Белгија, Јапонија и Јужна Кореја, се врши преку програмата за воена продажба во странство од страна на Пентагон. Програмата привлекла многу прегледи и критики за нејзината невидена големина, сложеност, трошоци, скапи промени во дизајнот и доградбите, како и многу одложени испораки. Сепак, се очекува програмата „JSF“ да замени голем број повеќенаменски воздухоплови од инвентарот на САД и сојузниците, вклучувајќи ги: „Harrier“, „F-16“, „F/A-18“, „A-10“ и „F-117“.

Тестирањето на воздухопловот открило неколку големи проблеми: напукнување на авионската рамка на варијантата „F-35B“, резервоарите за гориво биле премногу ранливи на удари од гром, екранот на шлемот имал проблеми и многу повеќе. Софтверот е постојано одложуван поради неговиот невиден обем и сложеност. Во 2009 година, тимот за процена истакнал дека програмата е 30 месеци зад планираниот распоред, а иницијалната способност од планираната 2010 година е испланирана за 2015 година. Одлуката истовремено да се тестира, да се поправат дефектите и да се започне со производство била критикувана како неефикасна.

Трите варијанти споделувале само 25% од нивните делови, што било далеку под предвиденото заедништво од 70%. Сè на сè, програмата добила значителни критики за пречекорувањата на огромните трошоци.

**Карактеристики на авионот**

Неколку подобрувања за оваа генерација борбени авиони се однесуваат на интегриран воздухоплов со сензори, со цел да се зголеми будноста на пилотот и да се подобри целната идентификација и испораката на оружје. Системот за електронско војување е способен да ги открива и да ги попречува непријателските радари. Системите за мисии на „F-35“ се меѓу најкомплексните аспекти на авионот (Active Electronically Scanned Array Radar, Electronic Warfare System, Electro-Optical Distributed Aperture System, Electro-Optical Targeting System, Communications, Navigation and Identification Suite). Авиониката и фузијата на сензорите се дизајнирани да ја подобрат ситуационата свест на пилотот и способностите за команда и контрола, со цел да го олеснат војувањето. Тоа биле и едни од најтешките елементи на програмата, воедно одговорни и нејзините значителни одложувања. Бучавата на авионот предизвикува загриженост во станбените области кои се наоѓаат во близина на потенцијалните бази за авионот. Тие побарале студија за влијанието врз животната средина во 2008 и 2009 година. Иако нивото на бучава во децибели било споредливо со нивото на претходните ловци како што е „F-16“, звучната моќ на „F-35“ е посилна, особено на пониски фреквенции. Последователните истражувања и студии покажале дека бучавата на „F-35“ не била забележливо различна од „F-16“ и „F/A-18E/F“.

Стаклената пилотска кабина е дизајнирана да му даде на пилотот добра свест и контрола на ситуацијата. Главниот дисплеј е панорамски екран на допир со димензии 50 на 20 см, со можност пилотот да го приспособи распоредот на информациите. Кокпитот има систем за препознавање говор. Нема „Head-Up“ дисплеј, наместо тоа информациите за летот и борбените информации се прикажуваат на визирот на шлемот на пилотот, дозволувајќи му на пилотот да ги види, без разлика на која страна е свртен. Системот за прикажување на кацигата на „F-35“ е најнапредниот систем од ваков вид. Сите информации за разузнавање и таргетирање што му се потребни на пилотот за да ја заврши мисијата се прикажани на визирот на шлемот.

Обуката преку симулација е исплатливо решение за обука и тренинг на пилотите за извршување на мисии со авион од 5-тата генерација. Во моментов, симулаторот на „F-35“ за целосна мисија одржува стапка на способност за реализација на мисијата од преку 90%.

**Авионот „F-35“ во Северна Македонија**

Борбените авиони од типот „F-35A Joint Strike“ од 5-тата генерација на воздухоплови, припадност на воздухопловната национална гарда на Вермонт (САД), во текот на 2022 година извршија прелет и слетаа на воениот дел од аеродромот Петровец. Активноста беше реализирана како приказ на силното сојузништво и единство во Алијансата, како и на речиси тридецениското партнерство помеѓу Армијата на Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт. Авионите беа дел од контингентот што е распореден во воздухопловната база „Spangdahlem“ во Германија, со цел да ги поддржи барањата на НАТО за реализација на мисијата за Патролирање во воздушниот простор, а како резултат на војната во Украина.

Ова е за прв пат ваков тип на воздухоплови да престојуваат во нашата држава или во која било друга земја на Балканот. „Операцијата на авионите „F-35A“ од аеродромите во Северна Македонија е најочигледен пример за стратешкото партнерство и заемната доверба помеѓу САД и нашата држава“, истакна Славјанка Петровска, министерка за одбрана, и додаде дека тоа ја покажува нашата посветеност и подготвеност да се соочиме со непредвидливи оперативни барања во оваа сложена меѓународна средина.

Драган Павловски





# „AJBAN 440A“ – заштитено патролно возило на тркала 4x4 - ОАЕ

„AJBAN 440A“ е повеќенаменско заштитено патролно возило, варијанта на тактички возила од класата „AJBAN 4x4“, дизајнирано и развиено од страна на компанијата „NIMR Automotive“, производител на воени возила со седиште во Обединетите Арапски Емирати

Благодарение на модулариот дизајн, возилото „AJBAN 440A“ може да се конфигурира за различни тактички мисии како што се извидување, надзор, патрола, борбено возило, возило за АБХ одбрана, командно и контролно возило и возило за транспорт. Вооружените сили на ОАЕ планираат да нарачаат 115 возила „AJBAN 440A“ вооружени со противтенковски наведувани ракети. Способностите на возилото беа демонстрирани на Министерството за одбрана на Чешката Република во Вишков во февруари 2017 година. Компанијата „NIMR“ склучи договор со VOP CZ во истиот месец за пласирање, дистрибуција и производство на своите возила, вклучувајќи го и „AJBAN 440A“ во Полска, Словачка, Унгарија и Чешка.

**Дизајн и карактеристики на „AJBAN 440A“**

Засновано на шасија 4×4, оклопното возило „AJBAN 440A“ располага со кабина со двојна посада и карго простор со отворен покрив. Има должина од 5,6 метри и меѓуоскино растојание од 3,3 метри, додека неговата висина и ширина се 2,35 метри. Со бруто тежина од 10,750 кг, возилото може да носи товар со тежина до 1.200 кг. Оклопната кабина на екипажот може да собере до четири лица, вклучувајќи возач и командир на возилото. Персоналот влегува и излегува од возилото преку двете врати поставени на двете страни. На секоја врата е обезбеден стаклен прозорец отпорен на куршуми за да се обезбеди набљудување (свесност за ситуацијата) како и балистичка заштита на членовите на екипажот.

Стандардната конфигурација на возилото е опремена со чекрк (витло) за самоизвлекување, заштитен резервоар за гориво што се затвора самостојно и систем за управување



со батерии (battery management system). Поради модуларната природа на возилото, истото може да се конфигурира да одговара на различни оперативни улоги и употреба за различни системи на мисии. Ова му овозможува на корисникот да има единствена флота на возила за мноштво барања, истовремено обезбедувајќи заедничка логистичка поддршка и со тоа намалување на трошоците за животниот циклус. Оклопното возило „AJBAN 440A“ располага со управувана купола поставена на прстенест држач на покривот на кабината во делот на екипажот. Куполата може да биде вооружена со разновидно оружје врз основа на барањата на мисијата и потрошувачот. Стандардната конфигурација користи тежок митралез HMG M2 од 12,7 мм за самозаштита од лесни оклопни возила, персонал и воени инсталации. Опстанокот на екипажот може дополнително да се подобри со додавање до осум фрлачи на димни гранати, две банки со по четири фрлачи кои можат да бидат сместени во предниот дел на кровот лево и десно за возилото брзо да се движи како и да се заштити од видеокругот на непријателите.
Тактичкото возило „AJBAN 440A“ доаѓа со напредни заштитни способности за заштита од балистички закани, импровизирани експлозивни направи (IEDs) и експлозии на мини. Одделите за екипажот и патниците можат да бидат опремени со систем за заштита од прекумерен притисок (overpressure protection system) за да го заштити екипажот и патниците од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни (CBRN) закани. Заштита од ракетни гранати (RPG) може да се постигне преку инсталирање на заштитна мрежа за (RPG). Дополнително може

| **Спецификаци на возилото „AJBAN 440A“** | |
|---|---|
| производител | NIMR Automotive - UAE |
| тип | оклопно заштитено патролно возило |
| должина | 5,6 метри |
| широчина | 2,35 метри |
| висина | 2,35 метри |
| тежина | 10,75 кг |
| носивост | 1200 кг |
| посада | 2+2 лица |
| мотор | дизел 221 kw |
| вооружување | митралез 12,7 мм |
| максимална брзина на пат | 110 km/h |
| автономија на опсег | 700 км |
| совладување на наклон | од 60% |
| совладување на страничен наклон | 40 % |
| совладување на вертикални препреки | 0,4 м |
| совладување на водена препрека | 1 м |



да се инсталира систем за автоматска детекција и гаснење пожар во возилото. Обезбедена е балистичка заштита на моторното одделение за да се заштити моторот од фрагменти и оган од мало оружје.
Возилото може опционално да биде опремено со комплет за зимување за да ги задоволи барањата за греење на возилото при студени временски услови. Опционален термички систем за дневно/ноќно набљудување, кој се состои од електрооптички и термални камери, може да се вгради на куполата за да им обезбеди на командирот и стрелецот способност за гаѓање цели ноќе или во текот на денот. Возилото може да се интегрира и со C4I систем (команда, контрола, комуникации, компјутери и разузнавање) за разузнавачки и надзорни мисии.
Управувано со дизел мотор од 221 kW, оклопното заштитено возило „AJBAN 440A" може да постигне максимална брзина од 110 км/ч и автономија на опсег од 700 км, кога се движи со брзина од 100 км/ч. Системот за автоматска трансмисија со шест степени на пренос му овозможува на моторот да работи со ротациона брзина од 1.500 вртежи во минута за да развие вртежен момент од 1,100 nm.Моторот и системот за трансмисија се поставени на предниот дел од возилото и нудат подобрена економичност на горивото. Возилото е опремено со две кружни воздушни хидраулични сопирачки, кои имаат за цел да обезбедат зголемена безбедност со контролирање на по две тркала.

**Перформанси на „AJBAN 440A"**
Тактичкото возило има способност да совладува наклон од 60% и вертикални препреки од 0,4 метри. Може да минува низ води длабоки 1 метар и има радиус на вртење од 15500 мм. Опремено е со „run flat" вметнувачи и централен систем за надувување на гумите кој му овозможува на возачот да го прилагоди притисокот во гумите според различните услови на теренот, возилото нуди супериорна подвижност и сигурност на терени надвор од патишта при работни температури кои се движат од -19°C до 49°C. Опремен со влошки и централни системи за надувување гуми, возилото нуди супериорна подвижност и сигурност на терени надвор од патот. Високо мобилно заштитено возило 4x4, „AJBAN 440A" ги вклучува најновите технологии во балистичка и противминска заштита. Дизајнирано за операции во најтешките средини, возилото нуди исклучителни теренски способности, неспоредлива сигурност и високи перформанси.

**Стандардна опрема која е вклучена на овие возила е следна:** систем за менаџмент со батериите (Battery management system - BMS); чекрк за само извлекување (Self-recovery winch); централен систем за надувување на гумите (Central tyre inflation system -CTIS); run-flat вметнувчи (Run flat inserts -RFI); заштитен резервоар за гориво што се затвора самостојно (Self-sealing protected fuel tank).

**Опционална опрема која може да се вгради на возилото:** различни вооружени системи; фрлач на димни гранати; критична балистичка заштита на моторот; систем за гасење на пожар; мрежа за заштита од RPG; систем за заштита од прекумерен притисок (Overpressure protection system) против АБХ закани; комплет за зимување и систем C4I (command & control).
Возилата „AJBAN 440A" може да се транспортираат со железница, преку море и воздух (со транспортни авиони C-130 и поголеми авиони).
Во недостаток на информации за оператори на ова возило може да се потврди дека единствен оператор е Туркменистан со 8 возила, додека и покрај информациите за нарачка на 115 возила од страна на ОАЕ, сè уште не е потврдено дека тие имаат вакви возила. Според непотврдени информации од отворени извори и според локалните медиуми во Судан, Африка, лесното оклопно возило „NIMR Ajban 440A", 4×4 дизајнирано од Обединетите Арапски Емирати, е забележано во Картум главниот град на Судан, при протестите против диктаторот Омар Ал Башир, кој беше на власт 3 децении.



Идриз Идризоски



# „Petlyakov Pe-2“

По германскиот напад на Советскиот Сојуз во 1941 година, многу од тогашните експерти се запрашале дали воопшто црвената армија има способност да се спротистави на германскиот „blitzkrieg“. Како на копното така и во воздухот, Советкиот Сојуз бил изненаден и недоволно потготвен за да се спротистави на германската воена машина, која била современа и технолошки далеку понапредна

Во самите почетоци на германската офанзива, советското воздухопловство располагало со застарени и мошне инфериорни воздухоплови. Меѓутоа никој не очекувал дека за краток период, Советскиот Сојуз ќе развие една нова доктирна на воздухопловно војување во кое биле вклучени современи и модерни советски воздухоплови. Германскиот „blitzkrieg“ бил набрзо спречен од незапирливите бранови на новиот и одличен советки тактички бомбардер „Petlyakov Pe-2“. Авионот бил толку успешен што сочинувал 75 проценти од севкупните советски бомбардери придвижувани од два мотори. Биле произведени над 11 000 примероци. Конструкцијата на авионот била толку успешна што „Pe-2“ бил успешно употребуван во скоро секоја воздухопловна улога. Неговите перформанси во улогата на ноќен ловец, бомбардер и тежок ловец биле одлични. Сепак, оригиналата замисла а воедно и неговиот најголем ефект бил во улогата на тактички бомбардер. Имено почетоците на овој воздухоплов датираат од 1938 година со првите нацрти од прототипот именуван „VI-100“. Воздухопловот бил оригинално замислен за употреба во улогата пресретнувач на големи висини. Како таков, дизајнерот Владимир Петљаков, инкорпорирал инвоативни конструкциски идеи кои за тоа време биле незамисливи. Во годините пред почетокот на Втората светска војна, воздухопловната авијација на големите сили, како Велика Британија и САД, била сè уште основана на застарени методи и примитивни начини на изработка. Прототипот на „Pe-2“, „VI-100“ бил далеку пред дизајниреите од идните воени сојуузници на Советскот Сојуз. Имено, воздухопловот бил нискокрилен авион придвижуван со помош на два мотори од типот „Klimov M-105R“, кои пак, ги придвижувале пропелерите со по три перки „VISh-42“. Авионот исто така имал пилотска кабина која била под притисок, овозможувајќи кислород за пилотот на големи висини. Вооружувањето се состоело од два топа „ShVAK“ со калибар од 20 мм и два митралези „ShKAS“ со калибар од 7,62 мм. Дополнително, воздухоплвот имал капацитет од носивост на бомби со тежина од 1000 кг. Бомбите и проектилите со вкупна тежина од 1000 кг биле наменети за прикачување на надворешни носачи на авионот, додека бомби и проектили со вкупна



тежина до 600 кг биле наменети за складирање во внатрешниот дел на авионот, веднаш под пилотската кабина. Иновативноста на Владимир Петљаков била заслужна за појавата на протоип на авион со вакви карактеристики. Иако замислен како пресретнувач на големи висини, авионот можел да ја исполнува скоро секоја дадена улога од асортиманот на воените задачи на военото воздухопловство. Западниот свет до тој период не располагал со воздухоплов кој ги имал овие карактеристики. Сепак, примарната улога на тактички бомбардер била стекната од сплет на околности непосредно пред германската инвазија на Советскот Сојуз, во 1940 година. Во тој период Германија и Советскиот Сојуз сè уште биле под ставките на Пактот за ненапаѓање. Советските експерти, индустријалисти и дизајнери биле во можност да ги посетат германсктие фабрики за производство на воени авиони. Да напоменеме дека Германија во 1940 г. била во војна со скоро цела Европа и имала можност да ги тестира и воочи своите воздухопловни капацитети. По посетата на германските фабрики, советските експерти забележале дека всушност германското воено воздухопловство нема тешки бомбардери со голем оперативен опсег. Ова било клучен момент за дефинитивното пренасочување на примарната улога во натамошниот развој на прототипот „VI-100“. Иако сè уште во „пријателски“ односи, Германија се гледала како сериозен иден противник од страна на државното раководство на Советскиот Сојуз. За таа цел, новиот прототип кој требало да служу како основа за сериското производство на тактички бомбардери, бил именуван PB-100. Новиот прототип бил замислен да ги задоволува потребите дадени од раководството на советското воено воздухопловство за еден тактички бомбардер. Прототипот требало да развива максимална брзина од 535 км на час на висина од над 4500 м. Авионот требало да има можност за оперативен опсег од 1600 км летајќи на висина од 5000 м и максимална висина на летање од 8000 м. Исто така, постојаната конфигурација од двосед била редизајнирана за екипаж од тројца. Сето ова, Владимир Петљаков требал да го оствари во период од 45 дена. Со цел да ги задоволи потребните карактеристики за ефективн тактички бомбардер, биле направени модификации во долниот дел од моторните гондоли, односно биле направени отвори кои биле наменети за дополнително прикачување на бомби со тежина од по 100 килограми. Пилотската кабина била редизајнирана, да не биде под кислороден притисок, бидејќи немало потреба, не се очекувало авионот да достигнува висини над 8000 м, токму поради неговата примарна улога. Дизајнот на новиот прототип исто така подразбирал отфрлање на компресорите во моторите бидејќи немало потреба, а со тоа се добило намалување на севкупната тежина и зголемување на максималаната брзина на воздухопловот. Новиот прототип бил произведен со нов дизајн на крилата на кои имало вградени автоматски воздушни кочници кои се активирале при висока „нуркачка“ брзина. Модифицираниот дизајн вклучувал и дополнителен митралез во пределот на задниот дел од пилотската кабина. Тој митралез бил за одбранбени цели и бил опериран од

| Главни карактеристики на „Petlyakov Pe-2“ | |
|---|---|
| **Посада** | 3 |
| **Должина** | 12,66 метри |
| **Распон на крила** | 17,16 метри |
| **Мотор** | Два клипни „линиски“ мотори „Klimov M-105PF“ со по 12 цилиндри и способност за развивање на 1200 коњски сили. Моторот се ладел со помош на течност. |
| **Максимална брзина** | 580 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 1160 километри |
| **Максимална висина на летање** | 8800 метри |
| **Вооружување** | Два митралези „ShKAS“ со калибар од 7,62 милиметри лоцирани во носниот дел на авионот, еден митралез “ShKAS” со калибар од 7,62 милиметри лоциран позади пилотот за одбранбени задачи, како и еден митралез „ShKAS“ со калибар од 7,62 милиметри лоциран на долниот дел од централната воздучна конструкција позади пилотската кабина.<br>Капацитет за носивост од 1000 килограми на бомби и експлозивни проектили. |

третиот човек во посадата. Сите овие модификации биле задоволителни и немало потреба за натамошни активности. Авионот го добил и своето препознатливо име „Pe-2“ со неговиот процес на отпочнување на сериското производство. Сериската варијанта на „Pe-2“ била скоро иста како и нацрт-прототипот PB-100 со некои мали модификации кои ги подобрувале севкупните карактеристики на авионот. По германската инвазија на Советскиот Сојуз со советската контраофанзива по битката за Москва, „Pe-2“ бил најдобриот бомбардер на фронтот со одличен процент на ефикасност во неговите јуришни напади. Авионот демонстрирал одлични летачки карактеристики со деструктивен ефект врз непријателските оклопни единици, бункери и пешадиски концентрации. Меѓутоа, покрај сите позитивни карактеристики, авионот имал и неколку маани. За време на полетувањето, контролите на авионот биле исклучително тешки за подигнување на авионот во воздухот. Обично во ноќните воени операции, Советите назначувале жени-пилоти, па при полетување некогаш навигаоторот му помагал на пилотот со цел аплицирање на дополнителна сила. Како втора маана на авионот биле несоодветните амортизери на тркалата, па при слетување во отсуство на соодветна вештина, пилотот можел и смртно да настрада. Но и покрај овие сегменти, авионот навистина демонстрирал одлични карактеристики. Највпечатливо нешто било големата брзина, маневрирачки способности при неговите тактичко-бомбардерски дејствувања. Имено, капацитетот на носивост на бомби и вооружување бил исто така импресивен, ако не и најдобар за својата категорија и време. „Pe-2“ имал внатрешен простор со капацитет за носивост од шест бомби со тежина од по 100 кг. Тој исто така имал четири надворешни носачи кои биле наменети за четири бомби од по 100 или 250 кг или две бомби од по 500 кг. Подоцнежните варијатни, биле изложени и на теренски модификации со монтирање на шини на кои можело да се прикачат 1о ракетни проектили од типот RS-132 или RS-82”. Вооружувањето на авионот се состоело од два митралзеи „ShKAS“ со калибар од 7,62 милиметри, лоцирани во носниот дел на авионот, еден митралез „ShKAS“ со калибар од 7,62 милиметри лоциран позади пилотот за одбранбени задачи, како и еден митралез „ShKAS“ со калибар од 7,62 мм лоциран на долниот дел од централната воздучна конструкција позади пилотската кабина. Нишанењето и употребата на овој митралез било со помош на перископ. Подоцнежните варијанти, ги замениле своите „ShKAS“ митралези со UBT митралези кои имале поголем калибар, односно 12,7 мм. Само со оваа модификација животниот век на авионот бил зголемен за два пати.

**Варијанти**

Покрај основната варијанта која била именувана само како „Pe-2“ постоеле и модифицирани варијанти со различни конфигурации на вооруќување а со тоа и различни перформанси.

**„Pe-2FT“**

Оваа варијанта била една од најзначајните во сериското производство на авионот. Брзината на воздухопловот била значително зголемена бидејќи воздушните сопирачки биле отстранети.

**„Pe-2MV“**

Оваа варијанта била со модифицирано вооружување лоцирано на централната воздушна конструкција под пилотската кабина. Имено, вооружувањето било концетрирано во гондола, која вдомувала топови „ShVAK“ со калибар од 20 мм и два митралези со калибар од 12,7 мм.

Димитар Даневски







„Харпун“ (Harpoon) е една од најпопуларните и најмоќните противбродски ракети во светот. Фактот што овие проектили ги користат повеќе од 600 површински бродови, 180 подморници, 12 типа на млазни авиони и голем број копнени системи за крајбрежна одбрана само го потврдува ова

# Противбродска ракета „Харпун“

Харпун“ е субсонична противбродска крстосувачка ракета развиена во САД, која е во служба со Пентагон од 1977 г. Од нејзиното создавање, развиени се воздушни, бродски и подморнички верзии и многу надградби, што овозможи да се подобри дострелот и точноста на наведување. Различни видови на оваа моќна противбродска ракета се извезени во 32 земји.

Во 1965 г., морнарицата на САД започна со развој на ракета против подморница со дострел до 45 км. Бидејќи проектилот требаше да биде насочен кон „китовите“ (како што се нарекуваат подморниците во поморскиот сленг), проектот го доби името „Харпун“. Потонувањето на израелскиот разурнувач „Ејлат“ од страна на Египет во 1967 г. со два противбродски проектили од советско производство ги шокираше високите офицери на американската морнарица, кои дотогаш не беа свесни за заканата од противбродските ракети. Така, во 1970 г., началникот за поморски операции адмирал Елмо Зумвалт го забрза развојот на „Харпун“, како дел од иницијативата „Проект шеесет“, која требаше да ја зголеми ударната моќ на воените бродови како што се ракетните крстосувачи од класата „Тикондерога“. Во моментов, „Харпун“ е можеби најчестото оружје од овој тип на Западот. Од почетокот на производството во 1975 г., компанијата „Мекдонел Даглас“ (сега дел од „Боинг“) произведе повеќе од 7 модифицирани проектили, што овозможи опремување на стотици бродови. Овој вооружен систем е универзален, може да се лансира од авиони, површински и подводни пловни објекти, како и од копно. Од 1977 г., морнарицата на САД го усвои „Харпун“ како примарна противбродска ракета. Во 1979 г., се појави авијациска верзија, првично опремувајќи го поморскиот патролен авион „P-3 Orion“ на морнарицата, а подоцна и други авиони. Воздушната верзија „Блок 1Е“, позната како проектил за копнени напади (SLAM), беше способна да погоди копнени цели. SLAM со подобрени способности се појави во 1997 г., со удвоен дострел и технологија за автоматско таргетирање (ATA). „Харпун Блок 2“ е најнапредната верзија на ракетата, опремена со нов компјутер и навигациски систем GPS/INS, беше претставена во 2009 г. и има автономен дострел над хоризонтот и може да нападне и морски и копнени цели. Во моментов се развива верзијата на „Блок II + ЕР“ воведен во 2015 г. од „Боинг“, како нова генерација која има за цел да го зголеми некласифицираниот домет на „Блок 2“ за 124 km. Заради ова, проектилот користи полесна, но поефикасна боева глава, како и подобрен турбомлазен мотор кој го удвојува дострелот на ракетата на 248 км. „Блок II+“ има ограничено распоредување на патролните авиони на морнарицата „F/A-18“ и „P-8 Increment III“, односно оваа опција е повеќе експериментална отколку работна.

Зоран Костоски

| Карактеристики на крстосувачката ракета „Харпун“ | |
|---|---|
| **Тежина:** | 540-691 kg |
| **Должина:** | 3,8-4,6 m |
| **Дијаметар:** | 34,3 см |
| **Распон на крилјата:** | 91,4 см |
| **Оперативен опсег:** | 140-280 km |
| **Максимална висина на летот:** | 915 m |
| **Брзина:** | 850 км/ч (0,85 мах) |
| **Систем за наведување:** | инертен систем за водење со радио височина и активен радар за крај на летот |

Самоодната хаубица „RCH“ 155 мм (Remote-Controlled Howitzer) е едно од најсовремените самоодни орудија и се чини дека е доследен наследник на самоодната хаубица „PzH 2000“



# Самоодна хаубица „RCH“ 155 мм

Иновативен проект на германските компании „Krauss-Maffei Wegmann“ и „Rheinmetall Military Vehicles“, за да се упростат и рационализираат сите елементи на хаубицата и поедноставен и побрз начин на ракување. Еден од главните адути е мобилност и практичност. Главна предност е малата послуга,само двајца послужители. Може да се транспортира по воздушен и поморски пат и со железница. Револуционерниот концепт на оваа хаубица е што може да се управува од далечински управувана станица. Поседува комплетно автоматизирана навигација и систем за контрола на огнот. Системот има целосно автоматизирано полнење на проектилите и полнењата, кои може да се полнат во која било положба на цевката, по азимут и по елевација. Во тој дел системот е софистициран и напреден, но од друга страна системот на одржување и останатиот дел од логистичката поддршка дополнително се усложнуваат. Хаубицата има високо ниво на заштита на послугата: балистичка до калибар од 14,5 мм, од противтенковски и противпешадиски мини и систем за АБХ заштита. Дел од системите и потсистемите на хаубицата се наследени од веќе докажаната технологија на самоодната хаубица „PzH 2000“. Балистичкиот систем се базира на цевка 155 мм, L52 со висока ефикасност. Има високо ниво на мобилност со максимална брзина од 80 до 100 км на час на добри патишта и до 25 км на час на макадам. Возилото поседува автоматска регулација на притисокот во пневматиците во зависност од теренот. Големата мобилност овозможува брзо запоседнување на огнените позиции. Системот за управување и софтверскиот дел се компатибилни со современите артилериски орудија и на останатите НАТО армии. Нишанењето и навигацијата се комплетно автоматизирани. Во делот на стабилизацијата при гаѓање системот овозможува целосна стабилност во текот на гаѓањето. Орудието ги користи сите типови на стандардна и специјална муниција произведена по НАТО стандарди. Една од главните одлики на системот е „мрежното централизирано војување“ или „network centric warfare“. Тој концепт се базира на комплетно информатичко мрежно поврзување на сите родови и видови на армиите. Во мрежата се и сите извидувачки и логистички капацитети, со што се создава единствена слика за боиштето.

Од цевката на „RCH“ 155 мм ќе може да се истрелуваат и проектили кои се во развој и со должина до 1000 мм, а се во согласност со JBMOU (Joint Ballistic Memorandum of Understanding). Од цевката може да се истрелуваат и „M982 Excalibur“ и „Volcano GLR“. Од отворени извори се знае дека Германија ќе ја снабди Украина со 18 хаубици „RCH“ 155 мм. Тоа практично би биле првите самоодни хаубици од овој модел кои би биле во оперативна употреба.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО – ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „RCH“ 155мм | |
|---|---|
| Послуга | 2 (командир и возач/послужител) |
| Калибар на цевката | 155 mm |
| Должина на цевката | 52 калибри (7,88m) |
| Начин на работа | Полуавтоматски |
| Должина на орудието | 10,4 m |
| Ширина на орудието | 2,99 m |
| Висина на орудието | 3,6 m |
| Домет | 40 km (со BB-base bleed проектили) |
| Капацитет на транспорт на проектили | 54 km (со VLAP проектили - Velocity-enhanced Long-range Artillery Projectile) |
| Дополнително вооружување | 30 проектили и 144 модуларни полнења |
| (на куполата) | Постои можност за дополнително далечинско управувано вооружување |
| Вкупна тежина | <39 t |
| Тип на противповлекувачкиот уред | хидропневматски |
| Хоризонтално поле на дејство | 360 степени |
| Вертикално поле на дејство | - 2,5 до + 65 степени |
| Брзина на гаѓање | 9 проектили за 1 минута |
| Температурен опсег на работа на сите потсистеми на орудието | од -40°С до +50°С |
| Брзина на движење на добри патишта | од 80 до 100 km/h |
| Брзина на движење на земјени патишта – терenski услови | до 25 km/h |
| Тип на возило | BOXER |
| Клиренс | 0,5 m |
| Електричен систем | 24 V DC, up to 540 A |
| Автономија на движење | 700 km |
| Тип на мотор | MTU V8 199TE20/21 |
| Капацитет на мотор | 600 kW/815 HP |



# Карго панталони

# Модерна класика со војничко потекло

Од мантилот, јакната па до очилата за сонце, војската честопати има непризнаено влијание врз модниот свет. Но, постои еден конкретен пример, на кој некои се смееле како антитеза на кројачката елеганција, а има воено потекло повеќе од кој било друг, а тоа се карго панталоните. Тие се еден од најраспространетиот моден дизајн инспириран од армиските панталони. На секоја улица, во секое списание и на секоја писта има карго панталони во војнички стил

Историјата на карго панталоните вклучува светски војни и конзистентни борбени искуства на шест континенти. Тоа се панталони кои се специјално дизајнирани за воена употреба и се дел од борбената униформи. Неколку карактеристики ги издвојуваат армиските панталони од обичните панталони: имаат исклучително цврстата конструкција, направени се од материјали кои лесно се чистат, можат да бидат водоотпорни и имаат голем број џебови. Од војниците се бара да носат армиски панталони во текот на нивната работа, но често војниците ги носат и додека не се на должност затоа што им е удобно и даваат одредено чувство на статус. Армиски панталони носат и полицајци, како и одговорни лица за итни случаи, на пример медицинските техничари итн. Цивилите ги носат армиски панталони како стилски израз, а понекогаш и во специфични ситуации во кои овие панталони се корисни. Ловџиите носат армиски панталони како дел од маскирната облека. Многу научници, како што се геолози, шумари, биолози, археолози итн., исто така носат армиски панталони, особено на терен, користејќи ги џебовите за складирање на нивните алатки. Меѓу одредени заедници, армиските панталони се стилски избор, што им дава одреден посакуван изглед. Армиските панталони се изработуваат од различни материјали  и во низа на бои. Луѓето кои избираат да носат такви панталони за работа или рекреација имаат широк асортиман на опции за избор, вклучително и оригинални воени панталони од продавниците за вишок на воена опрема и панталони кои се инспирирани од воени дизајни со неколку уникатни карактеристики. Традиционалните карго панталони се повеќенаменски каки панталони, кои се разликуваат од обичните панталони по карго џебовите, кои се нивниот најпрепознатлив детаљ, прицврстени на едната или на двете надворешни страни на нозете помеѓу колкот и коленото. Овие џебови се затвораат со патент

или преклоп прицврстен со копчиња, чичок-лента, дури и магнети вшиени во ткаенината. Карго панталоните се функционални панталони со широк крој, дизајнирани да овозможат слобода на движењето, особено на колената и колковите. Ткаенината за карго панталоните, традиционално е мешавина од памук или памучна волна која може да издржи абење. Удобни, издржливи и целосно повеќенаменски, карго панталоните се главен столб на лежерната гардероба од 1990-тите, а честопати се појавуваат на елегантни ревии на модните писти.



Во 1930-тите, британската армија станала сѐ повеќе свесна за потребата од нова и порационална борбена облека, а до 1937 г. дизајнот бил завршен. Карго панталони првпат биле носени во 1938 г. од британскиот воен персонал како дел од нивните борбени униформи. Тие биле опремени со џеб за мапа веднаш над левото колено и помал џеб за војнички дребулии на десниот колк. За жал, војниците не ги засакале веднаш новите панталони. Џебот за мапата се покажал како премногу простран и лошо поставен. Но, поопуштениот стил на крајот, сепак, бил прифатен. Иако промената на униформата првично била разочарувачка за британските војници, новата борбена униформа добро им служела на војниците повеќе од 25 години. Стилот на удобната британска униформа  бил прифатен и од други армии. Во 1940-тите години, Воздушните сили на Армијата на САД ја украле оваа идеја и создале нивна верзија, М-1942, т.н. „падобрански панталони“. За падобранците, кои мораат да скокнат од авион и веднаш да бидат подготвени за битка, овие панталони биле удобни и практични. На страната на секоја нога имало голем џеб. Панталоните биле направени по едноставна равенка: повеќе простор во џебот значи дека може да се носат повеќе работи. Оттука, прекарот на панталоните „карго“.
До крајот на Втората светска војна, американската војска сфатила дека иднината на панталоните за борбена униформа е во карго џебовите. Со униформата М-1943 биле вклучени карго џебови и на јакната, но овие џебови на панталоните нема да се појават сѐ до пред Корејската војна. Во Корејската војна биле воведени панталоните за униформи М-1951 кои исто така имале товарни џебови и тие биле издавани на секој војник. За време на Виетнамската војна била имплементирана полесна верзија на панталоните М-1951. Виетнамската војна е местото каде што карго џебовите навистина ја стекнале својата репутација дека се неопходни и практични. За време на овој конфликт, американскиот војник носел повеќе муниција и опрема од кога било дотогаш, што не би било можно без карго панталоните. По Виетнамската војна, имало неколку модификации на американските воени карго панталони, а најзначајна била воведувањето на камуфлажните бои, но во најголем дел дизајнот останал ист. Основите биле исти, со два големи товарни џебови на страните на издржливите памучни панталони со врвки на нозете на крајот од панталоните за да помогнат во облекувањето на чизмите.
Карго панталоните почнале да влегуваат во цивилната мода во 1990-тите како хип-хоп улична облека. Стилот набрзо станал сеприсутен во секојдневната облека и модните ревии од високата класа. Иконските џебови станаа повеќе декоративни отколку функционални, а ткаенините се оддалечија од воените на полесни памучни или синтетички што брзо се сушат за да ги направат попрактични за секојдневно носење. Сепак, основната силуета останала иста. Карго панталоните се толку вкоренети во секојдневната мода, што веројатно не размислувате двапати за нив. Веројатно имате барем еден пар од нив во вашиот плакар во моментов и веројатно сте носеле еден куп различни карго панталони во вашиот живот. Но, постојат многу различни типови карго панталони кои даваат посебен пресврт на овој стандарден стил. Големите карго џебови ретко се единствените џебови во стиловите на карго панталоните. Обично, карго панталоните имаат минимум шест џебови. Тоа вклучува стандардни задни џебови и џебови на колковите кои се наоѓаат во многу стилови на панталони. Стандардните дизајни на карго панталони се направени да бидат малку лабави и удобни. Традиционалните карго панталони се направени во каки или камуфлажни дизајни, како почит на нивните воени корени. Сепак, карго панталоните еволуирале и се промениле многу од тие рани воени денови. Бидејќи се одлични за складирање, тие сѐ уште се користат во униформи и сѐ уште се носат нашироко од професионалци кои треба да ги чуваат своите предмети лесно достапни. Ги носат и ученици и професионалци – градежни работници, водоводџии, електричари и други. Карго панталоните може да ги носи секој. Тоа е популарен изглед и практично е без разлика дали работите или само имате ден на релаксација. На крајот на краиштата, секој има некои работи за носење во џебовите. Затоа, постојат





многу различни дизајни и различни видови карго панталони.
Панталоните за итна медицинска помош се карго панталони кои се специјално дизајнирани за оние кои први реагираат при несреќи. Овие панталони обично се направени од мешавина на полиестер и памучни ткаенини што создава издржлив материјал кој лесно се пере во машина. Често, овие панталони се зајакнуваат во областите со тешко абење, како колената. Имаат многу големи џебови кои често имаат прегради за да го олеснат складирањето на медицинските материјали и се направени во темно сина, сива и црна боја, вообичаени униформни бои. Тактички карго панталони носат членовите на различни специјални полициски тимови и други полицајци и се исклучително издржливи. Икаат и помали џебови кои се скриени во големите карго џебови. Тактичките панталони обично се зајакнуваат и се прават со техники на двојно шиење за да бидат отпорни



на абење. Тактичките карго панталони често се прават во нијанси на сива, црна, зелена, каки и сина боја. Карго панталоните за планинарење се направени да бидат издржливи и да обезбедат многу простор во џебот. Направени да бидат цврсти, отпорни на вода и со капацитет за складирање, карго панталоните за планинарење се дизајнирани за ентузијасти на отворено од секаков вид. Овие панталони се совршени за риболов, кампување и секаков вид на слободно време на отворено. Често може да најдете карго панталони за пешачење во маскирни дезени и други природни бои на земјата, како кафеава и каки. Тесните карго панталони се еден од поновите типови карго панталони. Овој дизајн е различен од традиционалните стилови на карго панталони затоа што е направен за да одговара на формата на нозете, а не да бидат комотни. Инаку, тесните карго панталони се како и секој друг вид карго панталони, со многу простор во џебовите и од цврста ткаенина. Карго џогер панталоните се дизајнирани како атлетска облека што го има традиционалниот стил на карго панталони. Овие панталони обично се направени од мека ткаенина што дише со врвка за врзување или еластични појаси за удобност. Овие карго панталони сè уште имаат џебови на нозете, но за разлика од традиционалните стилови, направени се од лесни ткаенини.
Карго панталоните од висока класа се нешто сосема ново. Направени се од најразлични материјали, од свила до кожа, во модерни стилови и разични бои и дезени. Модните дизајнери од високата класа понудија свои скапи верзии на карго панталони кои ги носат познати личности низ забавната индустрија. Џинс карго панталоните се уште еден релативно нов тип на карго панталони.
Карго панталоните се многу прилагодливи и дизајнот може да се изработи во која било ткаенина. Тактичките и камперските карго панталони често се направени од памучен материјал наречен рипстоп кој е дизајниран да биде водоотпорен и можат да се носат во секоја сезона. Некои се направени да бидат изолациски за пониски температури, додека други се направени да бидат лесни и да дишат за топло време. Карго панталоните може да се носат и за секојдневни и за елегантни прилики. Класичните карго панталони за мажи се идеални за неформално канцелариско дружење, но можат да се комбинираат повеќе прилагодени стилови во меки ткаенини со блејзер и обувки за ноќно излегување. Мажите, можат да ги комбинираат карго панталоните со опуштена форма со кошули со копчиња или маици и платнени патики, а комотните дуксери и чизмите кои се носат со карго панталоните создаваат помлад, пожив изглед. Жените, исто така, можат да носат лежерни релаксирачки карго панталони на работно место или за излегување надвор со семејството или пријателите. Трендовските женски карго панталони со тесен крој со елегантни странични џебови и еластични или заострени манжетни, носени со штикли или чизми со високи потпетици, создаваат моден вечерен изглед.
Овие панталони се влезени во секој аспект на модата. Тие можат да се носат како груба облека на отворено, како дел од работна униформа, како избор на секојдневен стил, па дури и како нешто тотално скапо и врвно. Карго панталоните може да ги носи секој, дури и славните личности и можат да изгледаат добро на секого. Најдете го типот на карго панталони што најмногу ви се допаѓаа и почнете да ги ставате работите во тие супер корисни џебови. Затоа што на крајот на краиштата, складирањето на предмети е она што се однесува на карго панталоните.
Практичноста на карго панталоните нема да исчезне наскоро, особено во однос на нивното место во светот на модата. Една од најпопуларните карактеристики на модата инспирирана од војската е издржливоста и практичноста што ги има во воените униформи и опрема, како што продолжува воениот моден тренд, така ќе продолжат да опстојуваат и карго панталоните. Тие се одлични за секојдневни пригоди, но можат да се облечат и за некоја поспецијална пригода. Популарни се меѓу луѓето бидејќи се удобни, лежерни, лесни за перење и изгледаат одлично, што ги прави совршен избор за носење. Ако уживате во удобноста да имате дополнителни џебови, тогаш карго панталоните се веројатно вистинскиот избор за вас.

Александар Стојчевски

# Успешно реализирано подготвително гаѓање



Практичните содржини во обучувањето во Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ), во континуитет претставуваат приоритетни активности за кои постои нагласен интерес кај членството. Отука, поради потребата од постојано усовршување на воените вештини во ракувањето со пешадиско оружје, а во согласност со Упатството за гаѓање со овој вид оружје, на стрелиштето на Армијата „Долно Оризари“, во Велешкиот Регион, се реализира еднодневна обука – подготвително гаѓање со ПМ (М-72) 7,62 мм (единечна стрелба). На практичната обука учествуваа 66 резервни офицери и подофицери од десет ООЕ на ОРОРСМ (Велес, Виница, Битола, Скопје, Тетово, Куманово, Свети Николе, Штип, Неготино и Кавадарци). За успешната реализација на оваа еднодневна обука, значаен е придонесот на Командата за обука и доктрини (КОД), која обезбеди целосна логистичка поддршка. Гаѓањето го следеа претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и генералниот секретар Никица Бангиева. На присутните, им се обрати претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев, кој притоа укажа на значењето и соработката со МО и ГШ на АРСМ во реализацијата на практичните содржини во обуката. Пред почетокот на гаѓањето со кои раководеше капетан Берат Бислими, поручникот  Никола Спасов, ги запозна учесниците на гаѓањето со тактичко-техничките карактеристики на ПМ (М72) 7,62мм. Значајно е што на обуката се оствarија многу добри и одлични резултати, односно, од вкупниот број кои гаѓаа (66 членови на ОРОРСМ), 24 беа оценети со „поминал“, а 42 со „надминал стандард“. Еднодневнотно дружење на учесниците на гаѓањата заврши со заеднички ручек – војничко гравче во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ што го подготви командата на КОД, со која командува полковник Васко Коколански.

# Достоинствено чествување

На 7 април оваа година во организација на Основната организациона единица на Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија (ООЕ на ОРОРСМ) од Охрид во с.Ливоишта, Охридско, се одбележа 24-годишнината од загинувањето на професионалниот војник Благојче Крстаноски, чије име го носи Охридската организациона единица, во знак на негова почит. По овој повод, делегација на ООЕ на ОРОРСМ предводена од претседателот Митко Темелкоски и претставниот во Собранието на ОРОРСМ од Охрид и член на Извршниот одбор на ОРОРСМ, Цветко Кузески, придружувани од членовите на Извршниот одбор ги посетија



неговото вечно почивалиште каде што ОРОРСМ има поставено деветметарски јарбол и спомен-плоча во близина на основното училиште, поставена на селската чешма, исто така од ОРОРСМ. На овој достоинствен чин на чествување, пред присутните пригоден говор за животот и делото на Благојче Крстаноски одржа претседателот на ООЕ, Митко Темелкоски а потоа во знак на почит, свежо цвеќе пред спомен-чешмата  покрај делегацијата на ООЕ на ОРОРСМ „Благојче Крстаноски“, положија и претставници од Советот на Општината Охрид, и блиски роднини и пријатели.

# Теренско извидување за марш

По иницијатива на членот на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ од Тетово, Божин Милосавлевски од Вратница, поранешен претставник во Собранието на ОРОРСМ и сегашниот претставник на Собранието и член на Извршниот одбор на ОРОРСМ, Зоран Кироски од Тетово, се извед извидување на теренот на правецот: Вратница – Вуклево – Сенокос (Орлов Камен) – Слбица. Во изведувањето на активноста учествуваа претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев, потпретседателот Зоран Кироски, генералниот секретар Никица Бангиева, стручниот соработник Тони Мицевски и активисти на Организацијата од Вратница и претставници на месната заедница Божин Милосавлевски, Мирослав Кировски и Драгиша Јововски кои како добри познавачи на извидуваниот терен ја предводеа седумчленатa екипата. Целта беше согледување на условите и потребните можностите неопходни за реализирање на марш од Вратница до месноста Слбица, бидејќи се работи за планински предел, кој изискува поголем психофизички напор. Главен мотив за реализација на активноста е настанот кој се случил на 26 август 1944 година, напладне, кога во месноста Слбица се срушил американскиот бомбардер наречен „Наша љубов“ со 9-члена посада. Тројца од нив преживееле и биле спасени од месното население на Вратница, додека загинатите биле погребани на селските гробишта. Во знак на почит кон загинатите американски војници, покажаната пожртвуваност, храброст и хуманост на жителите на Вратница да се



овековечи нивното дело прифатено е овој настан да добие пошироко значење и да стане дел од годишните програми за одбележување и чествување на историски насатани од нашата НОАВМ.

Тони Мицевски




# Заборавениот радар

Во овој број на „Штит“ ви ја раскажувам приказната за дваесетгодишното користење на првиот, а сега заборавениот, воено-цивилен радар на скопскиот аеродром. Историска приказна која ја нема во нашите архиви и музеи, а остана забележана во мојот аеродневник

Како што сите држави во светот граделе сопствени и иманентни системи на воена одбрана, така и нашата држава беше насочена кон сеопфатен одбранбен систем на сопствената територија.
Во проучувањето и практичната примена на системот за одбрана учествуваат голем број експерти од различни области, при што еден дел од актуелната применета тактика на одбранбениот систем секогаш останува под велот на „воена тајна“. Но со текот на годините, и најголемите тајни, влегуваат во сферата на развојната воена историја и сведоштва за минатото.
Таква своја историја има и аеродромот Петровец крај Скопје. Граден е во периодот на триесеттите години на минатиот век како исклучиво воен и стратешки значаен аеродром за овој македонски простор, но и за поранешната југословенска држава СФРЈ. Подоцна, кон средината на шеесеттите години, аеродромот диби пренамена во аеродром со мешовити воздухопловни активности, односно воено-цивилен аеродром.
Единствената и главна писта на овој аеродром е поставена, ориентационо, во правец север – југ, со примарен приод во правец на север (насока 160о - 340о). На источната страна на аеродромската зона биле изградени соодветни платформи, воени сместувачки градежни објекти, како и хангари за сместување и техничко одржување на воздухопловите.
На другата, западната страна на аеродромската зона, биле изградени и посебни бетонско-земјани скривалишта (т.н. капонири). Од нив, преку посебни асфалтирани приклучоци – рулници, авионите директно пристапуваа до полетно-слетната патека, односно до пистата. Од првичниот период на неговото постоење, па сè до денес, на него „продефилираа“ голем број на различни видови и типови авиони и хеликоптери. Од нив, посебен белег оставија авионите со млазен погон од типот „Сејбр“ (F - 86) и „Миг -21“, како и помалиот број хеликоптери од типот Газела.
Во подоцнежниот период, на овој ист аеродром, започнаа да слетуваат и патнички авиони. Со тоа и овој скопски аеродром доби официјален воено – цивилен карактер. Меѓу првите комерцијални, односно патнички авиони, беа авионите со мотори со внатрешно согорување и пропелери, од типот „Конвер“ и „ДЦ – 3“, за подоцна

да бидат заменети со т.н. млазни авиони од типот „Каравела“, „ДЦ – 9“ и низа други.
Независно од тоа за кои авиони се работи, нивната основна поддршка доаѓа од општо познатата Контрола на летање. За периодов за кој говорам, таквата контрола на летањето над македонскиот простор и приодната (пристапна) рамнина на аеродромот, тогаш познат како „Петровец“, ја вршеле одвоено два воздухопловни контролни субјекти, воен и цивилен. Секако, неизоставна била и нивна меѓусебна комуникација и целосна координација на летачките активности. Притоа, посебно значење имала координацијата на овие две летачки „контроли“, кога биле планирани вооружени вежбовни активности со воените авиони. Таквите воздухопловни вежбовни активности се одвиваа на, сè уште познатиот и употреблив, воен полигон на Криволак. А таму, Военото воздухопловство имало лоцирано и локална, односно засебна контролна кула која раководела исклучиво со воените дејствија.
Во најголемиот дел од оваа сторија, независно дали се работело за воено или цивилно летање, значајно место заземал и скопскиот воздухопловен радар. Тој, заедно со документацијата поврзана со него, одамна заминаа во длабоките депоа на воените архиви, надвор од местото на кое се наоѓаше. Денес, исто како и во периодот на неговото користење, ретко може да се пронајдат поголем број егзактни фотографии за него и за неговиот изглед, како и за неговата изградба и точната локациска поставеност на аеродромот „Петровец“.
И покрај тоа, тој остана да живее во личната и колективната меморија на оние кои го поставуваа и оние кои го користеа: Останаа сеќавањата и кај мал број пилоти кои имале негова поддршка при слетувањето на овој аеродром. Во времето на неговото инсталирање, овој радар претставувал високо технолошко достигнување, а со самото тоа и сериозен дел од македонскиот навигациски систем, посебно во неповолни метеоролошки услови. Истиот бил произведен како продукт на американската воздухопловна индустрија.
Томе Цветановски бил еден од малкутемина едуцирани специјалисти за монтажа, инсталирање и одржување на радио-навигациски средства на земја, во чија низа професионални обврски спаѓало и редовното одржување на овој радар. Тој и денес се сеќава на неговото функционирање со електронски „ламби“, кои создавале поголема топлина во внатрешноста на основното конструктивно куќиште.
Поради тоа, на него, биле поставени и соодветно големи решетки за ледење. И покрај тоа, промените на овие „ламби“ била честа потреба.
Од друга страна, истите решетки создавале простор и за навлегување на ситни честички и прав, во неговата функционална внатрешност. Од тие причини, според упатството за користење, за овој радар биле пропишани и многу чести отворања, проверки, и темелно и внимателно чистење.
На истиот радар се сеќава и Зоран Тасевски, контролор за летање, кој ги опишува неговите ограничени можности. Опсегот (делокругот) на неговиот воздухопловен опфат на авионите, според упатството, бил околу 50 милји, но искуствено, неговата прецизност била до околу 20 милји. Соодветно на ваквите карактеристики, радарот најчесто се користел во финалната фазата на летот на авионите, односно пред нивно слетување.
Инаку, според колективната меморија, предметниот радар беше поставен на бетонска носечка основа на просторот на тревникот од аеродромски дел, меѓу рулната патека кон платформата за паркирање и самата писта. Радарската платформа била изградена на оддалеченост од околу 800 – 900 м, мерено од почетокот (прагот) на аеродромската писта, во насока кон север. Покрај него беше поставен и електричен агрегат кој имаше улога само во услови на прекин на нормалното електрично напојување. Овој, првичен, радар на скопскиот аеродром беше во употреба сè до првата половина на седумдесеттите години од минатиот век, кога беше заменет со нов и посовремен радар кој беше поставен на нова локација.
Така би завршила приказната за дваесетгодишното користење на првиот, а сега заборавениот, воено-цивилен радар на скопскиот аеродром.
Ѓорги Чачкиров









# Американскиот музеј на наследството

Американскиот музеј на наследството е еден од поновите музеи доколку го гледаме според датумот на основање, но според вредноста на експонатите кои се изложени во музејот, со сигурност е еден од повредните на светско ниво. Музејот во кратки црти го опишува учеството на америкнската војска во конфликтите низ времето наследството – трагите кои останале како и технолошкиот развој на воената опрема низ годините. Сместен е во градот Стоу на 34 километри, западно од градот Бостон во државата Масачусетс.

Идејата за основање на американскиот музеј на наследството потекнува откако фондацијата „Колингс", која го основа и денес го води музејот во 2013 година, беше одбрана да ги добие огромниот број на средства од приватната колекција на Jacques M. Littlefield. После 4 години административни потешкотии и проблеми во јули 2017 година, започната е изградбата на музејот, а во 2018 година истиот е завршен. Свеченото отворање на музејот е реализирано во мај 2019 година. Веднаш после отворањето следеа рестрикции поврзани со глобалната пандемија COVID-19, што негативно влијаеа на посетеноста на музејот. Со олеснувањето на мерките порасна и посетеноста на музејот. Овој музеј со сигурност има светла иднина и ќе го зголеми бројот на посетители во годинте кои следат со оглед на она што го нуди.
На површина од 6400 м2 распоредени се околу 100 различни експонати. Повеќето од експонатите се борбени возила, но има и други артефакти како што се оригинални униформи користени низ различни периоди во времето од различни светски армии. Особено фасцинирачка е состојбата во која се наоѓаат експонатите. Истите се реновирани и се во беспрекорна состојба, дел од нив се и во оперативна т.е. во возна состојба. Повеќето од експонатите се од времето на Втората светска војна, но има и од други периоди.
Музејот, со сите свои експонати е лоциран во една еднокатна зграда која во начело во внатрешноста е поделена на два дела кои меѓусебно се поврзани со коридор.
Во првиот дел на зградата се поставени тематските целини посветени на Првата и на Втората светска војна, додека во вториот дел се тематските целини и возилата од периодот на војната во Кореја, Студената војна, војната во Виетнам, Заливската војна, како и од војната после 11 септември 2001 година.
Доживувањата во овој музеј започнувата веднаш после влегувањето во музејот каде посетителите веднаш наидуваат на реплика на тенкот на Да Винчи. По ова следи посета на кинематографска претстава, при влезот во кино салата се поставени и неколку пушки од периодот на граѓанската војна во САД. Следува посета на поставка посветена на периодот од Првата светска војна која е претставена низ диорама на ров од битката кај Saint-Mihiel во Франција, каде за прв пат американските сили имаат офанзивни

операции на фронтот. Диорамата е надополнета со звучни и светлосни ефекти за стекнување на пореалистично чуство. Во склоп на диорамата се поставени и првиот масовно произведен американски лесен тенк „М1917“, медицинското возило на „форд“, моделот „Т“, како и германскиот митралез „Maschinengewehr 08“. Поставката посветена на периодот помеѓу двете светски војни го опишува растот на нацистичка Германија и империјалистичката Јапонија. Во овој дел се поставени британскиот лесен тенк „Vickers Mk. VI“ (воедно единствен кој е изложен во САД), првиот германски панцер тенк „Panzer 1A“, како и „Mercedes G4“ т.е. германско штабно возило. После поминувањето на овие поставки се влегува во првиот главен дел кој започнува со поставката наречена „Арсеналот на демократијата“, посветен на периодот пред САД да влезат во војна, поточно периодот кога индустријата на САД ќе произведува вооружување со зголемен интезитет и ќе ги поддржува своите сојузници кои веќе се во војна. Купола за тренажа од Sherman и M4A1 Sherman (Grizzly I) се експонати изложени во овој дел. Северна Африка е делот кој ги опишува битките кои се одвивале на африканскиот континент, а во кој учествувала американската армија. „Leichter Panzerspähwagen SdKfz 222“, кој е изложен во музејот и е еден од двата целосни примероци во целиот свет. Покрај ова извидничко возило изложени се и американскиот „М3 Lee“, британскиот „Matilda MK.II“, германскиот „Sd.Kfz 10 1-Ton“, „BMW R75 & Sidecar“ итн. Италијанската кампања е следната тематска поставка во која се изложени американскиот „M3A1 Scout Car“ и „M5A1 Stuart“, како и германските „VW Kübelwagen Type 82“, „Schwimmwagen Type 166“ и 2 cm „Flak 38“. Во делот од поставката посветен на „Источниот фронт“ поставени се: рускиот тенк „Т-34/76“, единствен од ваков вид кој е изложен во Северна Америка, германскиот „Sd.Kfz. 251/1 Ausf. D“ и „Borgward IV Ausf. B“, еден од четирите преостанати во целиот свет итн. По овој дел следат тематските целини „Судир на титаните“, Денот „Д“, „Битката кај Бастион“, „Преминувањето на Рајна“, „Битката за Берлин“, „Одбрана на Рајхот“, „Ослободување“ и „Пацифик“. Сите овие се во првиот дел од музејот и во него се поставени неколку истакнати и




мошне ретки експонати, како на пример: амерканскиот LCVP „Higgins Boat”, кој учествувал и го преживеал истоварувањето во Нормандија на денот „Д“, тенкот „M4A3E2 Sherman“ „Jumbo”, кој има учествувано во битката кај Бастион, рускиот тенк „IS-2“, кој е изложен и има учествувано во битката за Берлин, германскиот полугасеничар „Sd. Kfz. 8 12 ton“, кој е изложен и е користен во снимањето на филмот „Дванаесетмината жигосани“ (The Dirty Dozen) и воедно е единствениот примерок од овој вид во Северна Америка, американскиот авион „P-40B Tomahawk“ е последниот целосно реставриран и во летна состојба авион-ловец кој го преживеал нападот на Перл Харбор, јапонскиот „Type 4 Ho-Ro“ е последниот примерок во целиот свет. Во вториот сегмент од музејската зграда се опфатени конфликтите каде имаат учествувано припадниците на американската војска после завршувањето на Втората светска војна. Прошетката во овој дел започнува со делот посветен на Корејската војна. .Во вој дел се изложени: „M7 Priest SPH“, „M26A1 Pershing, M24 Chaffee“ и други. Во следната тематска целина посветена на Студената војна изложени се рускиот тенк „Т-72“ и сегмент од Берлинскиот ѕид. Во делот за Виетнамската војна се изложени се руските „ZPU-23“ и „PT-76“, како и американските „M41 Walker Bulldog“ и „M48 Patton“. Претпоследната поставка е посветена на Заливската војна во која еден од раритетите е „2S1 Gvozdika“, која е запленета за време на војната, „SS-1C Scud-B“ (R-17/R-300 Elbrus) & MAZ-543, „ZSU-23-4 SHILKA“. Последната постојана музејска поставка е посветена на војната против тероризмот. Во овој дел е изложен американскиот тенк „M1A1 Abrams“, кој за време на војната во провинцијата Анбар е погоден со две ИЕН, а покрај тенкот има изложено и дел од металната конструкција од светскиот трговски центар кој беше нападнат на 11 септември 2001 година. Музејот, покрај богатата понуда на изложени експонати и артефакти, нуди и можност за возење во „M4 Sherman“ или во „M24 Chaffee“ со соодветна доплата. Музејот често пати се користи и како место за организирање на различни културни и историски настани и одбележување на јубилеи. Музејот не поседува продавница во склоп на музејот, но има онлајн сајт каде може да се порачаат различни артикли и меморабилија.
Работното време на музејот е од среда до недела од 10.00 до 17.00 часот. Влезниците за овој музеј се од 20$ за возрасни лица, 10$ за деца под 12 години, додека за деца под 2 години и за ветерани влезот е бесплатен. Музеите не се само збир на артефакти и експонати изложени во стаклена витрина или во заградена просторија, тоа се места кои ви го враќаат минатото и нè учат за иднината, тоа се места каде може да патувате низ времето. Овој музеј со сигурност со својата добра поставеност тоа го овозможува.

Златко Блажески






# Промени во кариерата: Како да ја смените работата што не ја сакате

Зигмунд Фројд пред еден век рекол, за да живееме добар живот треба да сакаме и да работиме. Сепак, во денешно време изгледа дека е задолжително да сакаме да работиме. Повеќе не треба да очекуваме само почит, безбедност или пари од нашите работни места. Треба да очекуваме страст, исполнување и изненадување. Сумирано во еден збор, треба да очекуваме романса. Но, што да се прави кога романсата се оладува? Тоа веројатно е сигнал дека е време да се напушти работата што сме ја сакале

Организациите сериозно ги сфаќаат тие желби и даваат сѐ од себе за да ги освојат срцата на вработените. Тие повеќе не привлекуваат таленти само со ветување за материјална награда. Нивните агенти за регрутирање ветуваат дека на работното место што го нудат секој вработен ќе има вредност, а воедно ќе добие можност да „порасне“ во рамките на организацијата. Организациите како дел од заедницата даваат можност да се помогне и да се промени светот, а со малку среќа, можеби дури и да се биде добро платен. Сега се поставува прашањето „Што не треба да се сака“? Научниците со децении проучуваат што ги тера организациите да ги освојуваат срцата на вработените. Е, тоа се нарекува идентификација. Имено, сите сакаме да работиме во организации кои ги наградуваат вложените напори не само со добри пакети за придобивки, туку и со подобра верзија на нашето јас. Кога сме „идентификувани“, стануваме она што го правиме. Доаѓаме во ситуации да размислуваме за себе на начини кои ги инкорпорираат вредностите на организацијата. Па, ако нашата организација е отворена, ригорозна и претприемничка, тогаш и ние мора да бидеме такви. Кога нашата организација „блеска“, тогаш се чувствуваме како и ние да „блескаме“. А, кога таа се бори, и ние се бориме. Затоа и нашите работни места изгледаат како и сите романси. Не е ни чудо што не можеме да престанеме да размислуваме за нашите работни места, иако тие понекогаш нѐ „полудуваат“.

Впрочем, така функционира романтиката. Таа има барања, и може да нѐ „изеде“. Но, кога сѐ е добро, прави да се чувствуваме живи. Инаку, многу често среќаваме луѓе кои се „распаѓаат“ од работа или се дел од организација што (некогаш) ја сакале. Тие често се фокусирани на курсеви за директори што им доаѓа како терапија за парови, преку која се обидуваат да ги средат своите измешани чувства. И ова треба добро да се разбере затоа што секој од нас барем неколкупати

во текот на месецот, па дури неделата се чувствува како оваа група на луѓе. Имено, на сите ни е познато чувствата на двоумење, страв и мислите како на пример „Дали сме нетрпеливи? Дали ќе најдеме нешто подобро, или исто толку добро? Што ќе се случи со мене ако си заминам од организацијата?“ Понекогаш тие прашања се знаци дека сме заглавени во нефункционална романса со нашите работни места, во други времиња, или пак дека избледената романса со нашата работа се претвора во зрела љубов кон истата. Најчесто одговорот е по малку од двете работи, но клучно е да се прави разлика. Мора да разбереме зошто заминуваме пред да размислиме како да заминеме на фин и достоинствен начин. Еве, како да препознаеме дали сме во една нефункционална романса. Даваме многу, не го добиваме она што ни треба и сме буквално натерани да чувствуваме дека тоа е наша вина. Па зарем тоа не слично на раскинувањето со партнерот кој не злоупотребува, или не прави да се чувствуваме заробени од економски и психолошки причини. Затоа, ако сакаме да заминеме, но чувствуваме дека не можеме да си го дозволиме тоа и, да бидеме потполно искрени со самите себеси, ние и не можеме ни да го реалзираме истото. Ова е еден начин, како да препознаеме дали нашата романса се трансформира во трајна љубов. Имено, ако заклучиме дека сме во нефункционална романса, треба да направиме само една работа за добро да заминеме, а тоа е да си заминеме што поскоро. Да го најдеме она што ни треба за да се издржуваме и да издржиме – друга работа, добра група пријатели – како и да расчистиме со чувствата кои ќе заздрават побрзо отколку што можеме да си замислиме. Дури и ако само делови од нашата работа се непосакувани, потребно е да повлечеме јасна граница помеѓу нас и тие делови. Штом ќе сфатиме дека ни е подобро, ќе се ослободиме од секакви непожелни чувства. Можеби, дури и ќе се обидеме да останеме во институцијата но под различни услови. Ако веќе имаме алтернативи – атрактивна понуда, доволно поддршка околу нас – и сè уште се двоумиме, сепак, треба да преземеме нешто. Можеби ќе ја префрламе нашата љубов од нашата работа на вашата работа, но сигурно ќе треба да ја почитуваме првата и да ја прифатиме втората. Затоа пред да заминеме, треба да размислеме двапати. Еднаш за она што треба да го оставиме, и еднаш за она што не можеме да го оставиме зад себе. Притоа треба да се погрижеме да го оплакуваме првото, а второто да го земеме со нас.

Напуштањето на едно работно место не може да биде брзо и лесно, и не треба да се обидуваме да го направиме тоа, бидејќи тоа би било навреда и губење на она од што сме учеле и сè уште учиме. Потребно е да најдеме време да се збогуваме со луѓето и просториите, дури и со нештата. Да размислеме кога последен пат сме направиле некоја задача, сме биле на состанок потполно ангажирани или едноставно замислено сме гледале низ прозорецот. Ако организираме забава, да се потрудеме да биде „полна со приказни“. Кога луѓето ќе ни честитаат, да им дадеме на знаење дека е во ред да се сочувствува. Чувството на тага може да нè натера да се запрашаме дали правиме грешка. Тоа мора да се земе предвид. Конечно, потребно е да се свртиме кон организацијата. Можеби сме избрале да ја оставиме, но тоа не значи дека не треба да ги задржиме навиките и вредностите што сме ги научиле. На крајот на денот, тоа е убавината на идентификацијата. Многу луѓе остануваат лојални на поранешните организации каде работеле, бидејќи тие места им помогнале да откријат кои се, што можат да прават и каде би можеле да одат понатаму, во кој правец да ја градат својата кариера. Мобилниот талент е нешто што го носиме со себе и е пренослив и како таков останува со нас долго време, дури и откако ќе си заминеме од некоја институција.

Понекогаш е потребно да оставиме работа или организација за повеќе да си ја сакаме работата. Затоа што има една работа што не може да ја научиме никаде, а тоа е да се биде сам. Штом ќе можеме да го направиме тоа, љубовта повеќе нема да ни е потребна, но ќе ни треба радост. Имено, кога можеме да бидеме сами, стануваме помалку ранливи на експлоатација и злоупотреба. И тогаш ќе може вистински инстутиционално да се обврземе, бидејќи едноставно не сме заробени.

Као заклучок интересно е да се каже дека не вреди да се сака работа или организација. Но, ако некоја работа или организација ни помага да најдеме работа и луѓе вредни за љубов, тогаш би било добро и вреди да се почитува и додека сме таму но и откако ќе си заминеме.

м-р Билјана Поповска,
(за повеќе види на https://hbr.org/2018/11/how-to-leave-a-job-you-love?utm_medium=social&utm_campaign=hbr&utm_source=facebook&tpcc=orgsocial_edit&fbclid=IwAR0sdE9KnU2FleEu-w_Bt3jGGEm7NmfxOW2EM9uVKzRY-pBF2Ua-FuqQlhhc)







# Освалдо Гуајасамин
# Панамериканскиот Микеланџело

Освалдо Гуајасамин е познат еквадорски сликар и скулптор, препознатлив како творец на единствена панамериканска уметност која ги прикажува човечките и социјални нееднаквости, создавајќи исклучителни уметнички дела за кои добива меѓународно признание

Освалдо Гуајасамин бил роден во Кито, Еквадор, на 6 јули 1919 година, од родители припадници на племето Местиза, и двајцата од кичва потекло. Неговото семејство било сиромашно, а неговиот татко работел како столар. Освалдо Гуајасамин, покрај тоа што работел како столар, подоцна работел и како таксист и камионџија.
Тој бил најстарото од десетте деца во неговото семејство. Кога бил млад, како ученик уживал да црта карикатури на своите учителки и децата со кои си играл. Гвајасамин почнал да слика уште кога имал само шест години. Неговата уметничка кариера започнува со цртежи и акварели, но со текот на времето се трансформира и станува препознатлив по неговите хуманитарни дела, коишто можат да се интерпретираат од повеќе аспекти. Додека бил мал, неговиот интерес ретко се однесувал на неговите училишни задачи, и уште пред да научи да чита, тој веќе ги продавал на улица своите цртежи и слики.

Освалдо Гуајасамин е уметник кој создава една панамериканска уметност на човечки и социјални нееднаквости, за што добива меѓународно признание. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Кито како сликар и скулптор. Таму студирал и архитектура. Својата прва изложба ја имал кога имал 23 години, во 1942 година. Додека одел на колеџ, неговиот најдобар пријател починал за време на демонстрациите во Кито. Овој инцидент подоцна ќе биде инспирација за една од неговите најпознати слики, Лос Нињос Муертос (Мртвите деца). Овој настан влијаел да ја формира својата визија за луѓето и општеството во кое живеел.

По неговото студирање на Факултетот за ликовни уметности во Кито, неговата кариера тргнува во нагорна линија. La Galería Caspicara, уметничка галерија отворена од Едуардо Кингман во 1940 година, е едно од првите места каде што бил претставен Освалдо Гвајасамин. Неговите теми за угнетувањата кои се случуваат во пониските општествени класи му овозможија да се истакне и да стекне поголемо признание. Посебно „El Silencio“ била сликата која веднаш била забележана на првата негова изложба и која станала предмет на анализа и пофалби од ликовните критичари. Оттогаш датира и промената во начинот



на уметничкото изразување на Освалдо Гваjасамин. Од тоj период, Едуардо од прикажување на одделни сцени и поединечни човечки приказни се фокусира на субјекти кои го симболизираат целото човечко страдање. Гваjасамин го запознал мексиканскиот сликар Хозе Клементе Орозко додека патувал во Соединетите Американски Држави и Мексико од 1942 до 1943 година. Последователно, двајцата уметници го продолжуваат патувањето заедно и посетуваат многу различни земји во Јужна Америка. Тие престојувале и твореле во Перу, Бразил, Чиле, Аргентина, Уругвај и во други земји. На овие патувања, Освалдо сè повеќе се фокусирал на набљудување на домородниот начин на живот и сиромаштијата, што се пресликува и во неговите слики. Освалдо Гуајасамин ја освојува првата награда на Еквадорскиот национален салон де Акуарелистас и Дибујантес во 1948 година. Исто така, ја освојува и првата награда на Третото хиспаноамериканско биенале на уметност во Барселона во 1955 година и е прогласен за најдобар јужноамерикански сликар. Во 1988 година, Конгресот на Еквадор побарал од Гваjасамин да наслика мурал што ќе ја прикажува историјата на Еквадор.

Поради неговата контроверзна природа, Владата на Соединетите Држави го критикувала затоа што на една од фигурите на сликата е прикажан човек во нацистичка кацига со натпис „CIA“ на неа. Последните експонати на уметникот биле изложени од него лично во палатата „Луксембург“ во Париз и во палатата „Глас“ во Буенос Аирес во 1995 година.

Во неговиот роден град, Кито, Гваjасамин добива музеј во кој се изложени најголемиот дел од неговите дела. Неговите слики го доловуваат политичкото угнетување, расизмот, сиромаштијата, латиноамериканскиот начин на живот и класната поделба, со коишто се среќавал во поголемиот дел од Јужна Америка. Освалдо Гваjасамин го посветил својот живот на сликањето, скулптурата и колекционерството. Тој бил жесток поддржувач на Кубанската комунистичка револуција, а особено бил инспириран од ликот и делото на Фидел Кастро.

На Освалдо Гваjасамин му е доделена награда за „цел живот работа за мир“ од страна на УНЕСКО. Освалдо Гваjасамин починал на 10 март 1999 година и неговата смрт се сметала за голема загуба за Еквадор. Интересен факт е дека токму на денот на неговата смрт, која се случува среде политичка и социо-економска криза, бил ден обележан со масовни штрајкови на домородните луѓе (со кои тој го поминал целиот свој живот поддржувајќи ги).

Делото на Освалдо Гваjасамин се смета за национално богатство на Еквадор, а тој се здобива со прекарот Микеланџело од Латинска Америка, како што е претставен од страна на шпанскиот историчарот на уметност Хозе Камон Азнар. Во 2002 година, три години по неговата смрт, зградата кодизајнирана од Гваjасамин, La Capilla del Hombre („Човековата капела“), е завршена и отворена за јавноста. Капелата ја документира не само суровоста на човекот кон човекот, туку и потенцијалот за величина во човештвото. Капелата локациски е сместена во ридовите, во близина на домот на Освалдо Гваjасамин, со раскошен поглед кон градот Кито.



м-р Трајче Чатмов



# „Прво го убија татко ми“

# Сеќавање за геноцидот на Црвените Кмери во Камбоџа

„Прво го убија татко ми“, во режија на Анџелина Џоли е филм кој го портретира животот на писателката и активистка за човекови права – Лунг Унг, за време на владеењето и режимот на Црвените Кмери, од 1975 до 1978 година. Филмот е адаптација на истоимените мемоари на Лунг Унг и се фокусира на аспектот на преживување на ужасниот режим, за време на кој Црвените Кмери се одговорни за смртта на околу два милиона луѓе, речиси четвртина од вкупната популација на Камбоџа. Прикажаната е раскажана низ очите на девојчето Лунг, почнувајќи од нејзината петта година, кога Црвените Кмери доаѓаат на власт, до нејзината деветта година. Тешко е да се проследи филмот, како едно мало девојче е доведено во состојба да изгуби сè: нејзиниот дом, фамилијата, детството...Низ призма на нејзините очи сме сведоци на тоа што значи хоророт – војна.

Пред само помалку од четриесетина години ужасните и брутални Црвени Кмери ја преземаат власта врз Камбоџа. Описот на тој период, воените злосторства и очајот кој владее во Камбоџа, презентирани од страна на петгодишното девојче е толку детално доловен што нè прави да се чувствуваме како да сме директно вклучени во ужасите, за кои не се зборува доволно и за кои малкумина знаат.Овој филм се смета за најдобар филм на Анџелина Џоли, која полека но сигурно, се докажува не само како талентирана глумица, туку и како режисерка достојна за почит.
Филмот започнува така што во еден топол априлски ден Црвените Кмери го окупираат Пном Пен, присилувајќи ја фамилијата Унг и други фамилии да емигрираат од страв да не бидат убиени. Лунг заедно со нејзините родители и шесте браќа и сестри земаат сè што може да се понесе од нивниот дом и со својот камион го напуштаат градот. За несреќа, горивото се потрошува, присилувајќи го семејството да пешачи седум дена за да стигнат во домот на нивниот чичко во селото Кранг Труп, кое што е предводено од режимот на Црвените Кмери. Заради опасноста да се живее во ова село, фамилијата Унг се упатува кон друго село, но и таму не се добродојдени. Конечно, во ноември 1975 г., фамилијата се сместува во еден камп за присилна работа во селото Ро Леп, каде што живее осумнаесет месеци. Првиот член кој умира од страна на режимот е постарата сестра на Лунг, Кеав. Причина за нејзината смрт е труење со храна во една хигиенски неодржана болница. Таткото на Лунг, познат под името Па е следниот што умира, Имено, во декември 1976 г., Црвените Кмери бараат помош од таткото на Лунг за нивниот камион. Тој пристапува да им помогне и наместо да се врати наредниот ден, тој никогаш повеќе не се се враќа, односно е убиен.



По некое време Лунг е пренесена во друг камп за присилна работа. Додека е во тој камп сонува дека нешто лошо ѝ се случило на мајка ѝ и веднаш се враќа во Ро Леп, каде дознава дека нејзината мајка и помалата сестричка се убиени. По оваа ужасна информација, Лунг три дена целосно ја губи свеста. Кога ќе се врати во кампот, таа згора на сѐ е казнета. Црвените Кмери вршат напади и врз овој камп, а Лунг завршува во болница каде случајно ги среќава преживеаните членови од нејзината фамилија. Како што продолжува приказната и фамилијата се реобединува, нивната цел е да отидат што подалеку од Црвените Кмери, па откако конечно ќе успеат да пронајдат безбедност помеѓу Виетнамците и некои пријатели од Камбоџа, тие наоѓаат начин да ги пратат Лунг и нејзиниот постар брат во Америка. После многу години успешно живеење во Америка, Лунг се враќа во Камбоџа кај својата фамилија.



Филмот „Прво го убија татко ми“ е целосно снимен во Камбоџа, на камбоџискиот јазик – кмер, со камбоџиски актери, повеќето непознати.Филмот не корити многу зборови, туку се фокусира на детските визуелни експресии за време на војната. Повеќето членови од екипажот на филмот, лично ги доживеале ужасите на војната и загубиле блиски луѓе, како и членови од фамилијата. За да го направи овој филм Анџелина Џоли е поттикнта да им даде глас на безгласните и да го расветли нивното незаслужено страдање. За филмот да биде уште поверодостоен и успешен заслужно е долгогодишното пријателство помеѓу Лунг Унг и Анџелина Џоли, кои за прв пат се сретнале за време на снимањето на „Томб Рајдер“ во 2001 г. во Камбоџа и оттогаш се зближуваат и нивното пријателство трае речиси две декади, за да резултира со отварување на овој успешен филм. Пријателството започнува кога Џоли ќе ја купи книгата од уличен продавач во Камбоџа и откако ќе ја прочита, ќе ѝ остави толку силен впечаток, што веднаш ќе посака да се запознае со авторката Лунг Унг и години подоцна да го режира филмот врз база на нејзината книга. Не е само силното пријателството на Анџелина Џили кон Лунг Унг тоа што ја мотивира да го режира филмот „Прво го убија татко ми“– кој одлично ќе помине кај филмските критичари, туку за постоењето на овој филм голема улога игра и нејзината желба да го доближи нејзиниот првопосвоен син Медокс до земјата од каде што потекнува, од каде што е посвоен – Камбоџа и да му овозможи да ја зацврсти врската со неговите корени. Анџелина Џоли за филмот „Прво го убија татко ми“ кажува дека тој претставува нејзино љубовно писмо кон Камбоџа. Овој филм е од голема важност за една нова генерација од Западна Европа и други делови од светот, која е дисконектирана од ужасите на комунизмот, па преку овој филм може да се едуцира и информира за она што се случувало за време на живеењето на претходната генерација, а не било многу одамна. Филмот ја докажува опасноста кога тоталитаризмот победува, а демократијата се руши.

Кристина Трајановска



**Режија:** Анџелина Џоли

**Улоги:** Сареум Среи Мох, Компхек Феунг, Свенг Сочеата, Дара Хенг, Мун Кимхак

**Жанр:** биографски военоисториски трилер

**Сценарио:** Лунг Унг, Анџелина Џоли

**Продуцент:** Анџелина Џоли, Теодор Ентони Сарандос, Рити Пан, Мајкл Виера

**Кинематографија:** Ентони Дот Мантл

**Музика:** Марко Белтрами

**Монтажа:** Патрисиа Ромел

**Година:** 2017

**Јазик:** кмерски, англиски, француски, виетнамски

**Земја:** Камбоџа, Соединетите Американски Држави

**Времетраење:** 136 минути

**Буџет:** 22 милиони долари



# Корапски Водопад – најви

Кораб е планина во западниот дел на Република Северна Македонија, на границата со Република Албанија. Таа е планина со најубав релјеф. На неа се наоѓа највисокиот врв во нашата држава, врвот Голем Кораб, со висина од 2764 метри надморска височина. Искачувањето по него претставува неповторлива авантура. Општа карактеристика за масивот на Кораб е богатството на површински водотеци – реки и потоци кои се влеваат во Радика и во Црн Дрим. Тие имаат брзи текови, наизменично низ клисури и долини, често формирајќи брзаци и водопади. Највисок изворишен дел и најатрактивно течение со дури три клисури има Длабока Река. Со своите 130 метри, водопадот на оваа река, Корапски Водопад е највисок на Балканот. Во зависност од сезоната и водостојот на изворот, водопадот варира во висина и интензитет. Бројките варираат меѓу 70 до 138 метри.  Карактеристично е тоа што водопадот може да се види јасно од далечина само во пролетните месеци и во почетокот на летото, а зимно време е замрзнат. Корапскиот Водопад најголем интензитет има кон крајот на мај и почеток на јуни, а понатаму во текот на летото, губи од својата јачина. Крајот на летото и почетокот на есента, водата само се лизга по карпите, а во сушни години комплетно пресушува. Најдобриот пристап до Корапски Водопад е преку долината на Длабока Река. Може да се пристапи од левата страна на реката преку селата Нистрово и Жужње, или од десната страна преку Бибање, покрај врвот Кабаш. Патеките се тесни и слабо обележани, а на неколку места треба да се преминува реката преку необезбедени премини. Дополнителна убавина имаат и глацијалните езера. Кораб е украсен со осум постојани езера а најголемо од нив е Корапското Езеро, кое се наоѓа на 2470 метри надморска височина и претставува најголем планински бисер во Македонија. На планината Кораб има 52 врва што се издигаат од над 2000 метри.
За незаборавно доживување препорачливо е да се посети во месеците мај и јуни.

Кристина Илиевска



# исок водопад на Балканот










# ОТВОРЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО КАСАРНИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

